# Љубов само по часови

Проценка на потребата и на достапноста на информациите од областа на сексуалното образование во Македонија

**Издавач :** Х.Е.Р.А. – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

**Автори:**
**прим. д-р Надица Јанева** (наставници и родители)
**М-р Жарко Трајановски** (ученици и наставни програми)
**М-р Бранкица Младеновиќ** (наставни програми)

**Работна група за преглед на наставните програми :**
**Дијана Тренеска**, Министерство за образование на Република Македонија
**д-р спец. Лидушка Василевска**, Центар за стручно образование и обука
**м-р Славчо Димитров**, Коалиција за заштита на здравствените и на сексуалните права на маргинализираните групи
**Драшко Костовски**, Х.Е.Р.А.

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

176 (497.7)
613.88:37.015.3 (497.7)
37.015.3:613.051.3 (497.7)

ТРАЈАНОВСКИ, Жарко
Љубов само по часови: проценка на потребата и на достапноста на информациите од областа на сексуалното образование во Македонија/ ( автори Жарко Трајаноски, Надица Јанева, Бранкица Младеновиќ).- Скопје: Х.Е.Р.А.- Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2010.- 64 стр.: табели ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 987-608-4598-00-8
1. Трајановски, Жарко (автор) 2. Јанева, Надица (автор) 3.Младеновиќ, Бранкица (автор)
а) Сексуално образование – Македонија- Истражувања
COBISS.MK-ID 82104842

# Љубов само по часови

Проценка на потребата и на достапноста на информациите од областа на сексуалното образование во Македонија

Скопје 2010

Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување
A Member Association of
IPPF International Planned Parenthood Federation
European Network

# СОДРЖИНА

Резиме_**06**
Вовед_**08**
Што значи сексуалното образование_**10**

Проценка на потребата за сексуално образование кај родителите, наставниците и учениците_**13**

А) наставници и родители_**14**
Б) ученици_**26**

Преглед на содржините за сексуалното образование во постојната наставна програма_**39**

Тема 1.: Род_**41**
Тема 2.: Сексуално и репродуктивно здравје_**44**
Тема 3. Сексуално граѓанство_**51**
Тема 4.: Задоволство_**53**
Тема 5.: Насилство_**55**
Тема 6.: Различност_**57**
Тема 7.: Врски/Односи_**59**

Листа на учебници_**60**

Прилог 1: Рамка за сеопфатно сексуално образование на МФПР_**61**

# Кратенки

**МФПР**-Меѓународна федерација за планирано родителство
**ОН**-Обединети нации
**СИДА**- Синдром на стекната имунодифициенција
**СО**-Сексуално образование
**СПИ**-Сексуално преносливи инфекции
**СРЗ** –Сексуално и репродуктивно здравје
**УНАИДС**- Програма на ХИВ/СИДА при Обединетите нации
**УНЕСКО**- Организација за образование, наука и култура на Обединетите Нации
**Х.Е.Р.А.**-Асоцијација за здравствено истражување и едукација
**ХИВ**- Хуман имунодифициентен вирус

# Резиме

Во Македонија има потреба од воведување на сексуално образование во училиштата.

Ова сознание произлегува од резултатите на истражувањето со кое се утврдија потребите на родителите, наставниците и на учениците и со кое се направи преглед на постојните образовни програми.

Родителите и наставниците се сложни дека треба да се воведе сексуално образование како редовен предмет во училиштата. Тоа треба, пред сè, да развива практични вештини за заштита од ризиците кои произлегуваат од сексуалната активност. Иако недоволно информирани за сите подрачја, кои треба да бидат вклучени во едно сеопфатно сексуално образование, и родителите и наставниците се отворени кон модел што ја промовира сексуалната различност.

Наставниците не се чувствуваат подготвени да предаваат поголем број теми за сеопфатно сексуално образование и не ги препознаваат сите аспекти на сексуалната приватност на учениците.

Учениците сметаат дека треба да се воведе сеопфатно сексуално образование во училиштата. Тие во моментов не го препознаваат училиштето како институција каде можат да добијат одговори на прашањата и воопшто информации поврзани со сексуалноста. Уште повеќе беше утврдено дека тие немаат позитивни ставови и вредности за сексуалноста и многу лесно ги прифаќаат постојните предрасуди и стереотипи. Исто така, тие во училиштето не развиваат вештини за донесување одлуки во врска со сексуалните предизвици. Тие не се информирани за правото на сексуална приватност и има индикации дека ова право често им се нарушува.

Увидот во програмите, односно во учебниците, покажа дека во нашиот образовен систем не постои стручен усогласен став или политика за обезбедување на информации за сексуалноста, односно за сексуалното и репродуктивното здравје и за правата.
Не постојат информации за поголем дел од темите кои се составен дел на едно сеопфатното сексуално образование (користење на кондом, да се живее со ХИВ, сервиси за сексуално и репродуктивно здравје, правна заштита, мастурбација, насилство, права, задоволство).

Информациите за оние теми, кои се опфатени, се често оскудни, недоволни, а некогаш и неточни. Дополнително најголем дел од информациите не се сеопфатни, а и поголемо внимание е посветено на био-медицинските аспекти на сексуалното и репродуктивното здравје, со недостаток или целосно исклучување на психо-социјалниот аспект на сексуалноста. Не само што не постои усогласен пристап за начинот на кој се даваат информациите за една тема низ наставната програма, туку често иста тема може да биде изложена со двојни вредности во ист учебник. Некои од наставните материјали промовираат стереотипи (на пр. за сексуална различност, хормонална контрацепција итн.) и негативни ставови кон љубовта и сексуалноста. Наставната програма не овозможува стекнување на точни знаења и развивање на толерантни ставови и практики за безбедно сексуалното однесување, односно за заштита на сексуалното здравје и на сексуалните права на младите.
Утврдената состојба на наставните материјали ги открива причините за проблемите со кои се соочуваат и наставниот кадар и учениците во поглед на информациите за сексуалното образование.





# Вовед

Здружението на граѓани Х.Е.Р.А. постои за остварување на човековото право за пристап до квалитетни информации и услуги од областа на сексуалното и репродуктивното здравје.

Една од главните активности на Х.Е.Р.А. од самото формирање е врсничкото (пиер) образование за ХИВ/СИДА и СПИ, коешто се спроведуваше главно меѓу средношколците, но се опфатија и ранливи групи, други возрасни групи и групи професионалци. Веќе десет години ова е нашиот придонес кон неформалното сексуално образование, односно придонесот кон обезбедувањето на дел од информациите за сексуалноста на населението во Македонија. Иако овој пристап има многу предности, како на пример можноста за реплицирање, подобрената комуникација меѓу младите, можностите за креативно изразување, сепак повеќе од јасно е дека тој сам по себе не е доволен[1]. Со други зборови, врсничкото образование може да биде само дополнување на формалните знаења и на помошта во користењето на стекнатите вештини, односно да биде поттик наученото да се применува во секојдневниот живот.

Исто така, во текот на нашата работа стана јасно дека нудењето на информации за сексуалноста, со кои се истакнуваат само опасностите и одговорностите на сексуалното живеење или се зборува само за биолошките карактеристики на сексуалноста, не придонесува видлива промена во однесувањето на младите. Сеопфатниот пристап кој истовремено ги вклучува емоционалните, психолошките и социјалните двигатели на сексуалноста, односно не ги исклучува задоволството, сексуалната различност и сексуалното исполнување, се чини дека има поголем ефект. И логично, не може да очекуваме од младите да се однесуваат одговорно ако им дадеме само дел од информациите за сексуалноста, а да оставиме животот да ги научи за другото. Уште повеќе, сеопфатната сексуалната едукација не ги запоставува традиционалните и културните вредности, ниту се обидува да наметне готови вредности, напротив, ги поттикнува младите да ги утврдат сопствените вредностите и самите да одлучат како ќе се раководат во своето живеење.

Х.Е.Р.А. во последните години ги ревидира своите програми и се обидува да понуди колку што е можно, посеопфатна програма за неформална сексуална едукација.

[1]Според извештајот од био-бихевиоралната студија кај млади и популации во најголем ризик за ХИВ инфекција во Република Македонија, 2006, Министерство за здравтво и Републички завод за здравствена заштита, само 21% од младите имаат целосни информации за ХИВ/СИДА. Од друга страна, според квантитативното истражување за знаењата на средношколците во град Скопје за ХИВ/СИДА и нивните ставови за пристапите кон едукацијата за СРЗ, само 16% од младите имаат целосни информации за ХИВ/СИДА. И двете истражувања беа спроведени согласно петте главни индикатори на UNAIDS за мерење на степенот на знаењето кај младите на возраст од 15 до 24 години

Но останува фактот дека училиштата се тие кои имаат есенцијална улога во обезбедувањето на сексуалното образование, а и како формални образовни институции имаат најголемо влијание врз развојот на децата, адолесцентите и младите воопшто.

Затоа во текот на 2009 презедовме иницијатива за воведувањето на сексуалното образование.
Првенствено се решивме да тргнеме од домашните услови и затоа направивме една општа проценка на состојбата во земјата за ова прашање. Доследни на ставот дека конструктивна промена може да се постигне само со заедничка заложба на сите релевантни чинители во државата т.е. владини, невладини, граѓански организации и институции, во проценката на постојните образовни програми ги вклучивме Министерството за образование, Министерството за здравство, Центарот за стручно образование и Коалицијата за заштита и промоција на сексуалните права на маргинализираните заедници.
Понатаму, свесни дека осмислувањето на образованието не е само одговорност на институциите, во истражувањето ги разгледавме потребите на младите, на наставниците и на родителите. Имајќи ја, пак, во предвид традиционалната и културната разновидност на заедниците, кои живеат во Македонија, истражувањето го спроведовме во македонска, ромска и албанска средина.

Резултатите од истражувањето се пред вас. Истражувањето е насловено според една од изјавите на фокус групите спроведени со учениците. „Љубов само по часови" е отворена покана за сите државни институции задолжени за образованието колку што е можно побргу да се вклучат во оваа инцијатива и во согласност со своите одговорности да допринесат за создавање на сеопфатен модел за сексуално образование во Македонија.

# Што значи сексуалното образование?

> „Сите млади луѓе имаат право на сеопфатни информации, образование и услуги за сексуалното и репродуктивното здравје, да бидат активни граѓани, да имаат задоволство и доверба во својата сексуалност, и да бидат во состојба сами за себе да донесат одлуки за информиран избор"[2]

Во целиот свет сè повеќе се зголемуваат барањата на младите да бидат признаени како сексуални суштества со експлицитно право на сексуално образование. Барањата за образование за сексуално и репродуктивно здравје произлегуваат од обврските на државите преземени со меѓународните конвенции за човекови права кои ги имаат ратификувано. Комитетите на ОН, кои го набљудуваат спроведувањето на конвенциите за човекови права, го признаваат правото на сексуално образование во контекстот на обезбедувањето на правото на здравје и честопати бараат од државите да имплементираат програми за сексуално образование. На пример, Комитетот на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените и наложи на нашата држава „да имплементира програми за образование за сексуално и репродуктивно здравје за жените, мажите и адолесцентите за да промовира одговорно сексуално поведение, и за да го обесхрабри абортусот како метод за контрола на раѓањето".[3]

Една од вообичаените сугестии од страна на Комитетот за правата на детето, е „сексуалното образование да биде вклучено во училишните наставни програми".[4] Истиот комитет им препорачува на државите да им обезбедат на адолесцентите точни и сеопфатни информации за ХИВ/СИДА, вклучително и на употреба на кондоми во училиштата. Уште во 2000 г. Комитетот за правата на детето и препорача на Македонија „да ги зголеми своите напори за промоција на здравствени политики за адолесцентите и да го зајакне образованието за репродуктивното здравје и за советодавните услуги, меѓу другото, во врска со ХИВ/СИДА, СПИ, бременоста кај девојките и абортусот".[5]

Дополнително и Комитетот за човекови права им препорачува на министерствата за образование да обезбедат во училиштата соодветно и објективно сексуално образование во наставните програми.

[2] Sexuality Education in Europe, A Reference Guide to Policies and Practicies, IPPF European Network, 2006, p. 8.
[3] Committee on the Elimination of Discrimination against Women, „Concluding comments of the Committee on the Elimination of Discrimination against Women: the former Yugoslav Republic of Macedonia", Thirty-fourth session, 16 January-3 February 2006, p. 5.
[4] Видете на пример, Concluding observations of the Committee on the Rights of the Child: Mauritius, 30 October 1996, p. 5.
[5] Concluding Observations of the Committee on the Rights of the Child : The Former Yugoslav Republic of Macedonia. 23/02/2000.

На оваа линија стојат и препораките кои УНЕСКО ги упати до светските влади, вклучувајќи ја и нашата, со кои се предлага воведување на сексуалното образование врз основа на Насоките за сексуално образование.[6]

Овој документ се заснова на следниве претпоставки:

- сексуалноста е фундаментален аспект на човековиот живот: ги опфаќа физичките,психолошките, духовните, социјалните, економските, политичките и културните димензии
- сексуалноста не може да биде разбрана ако се изостави родот
- разновидноста е фундаментална карактеристика на сексуалноста
- правилата, според кои се раководи сексуалното однесување, се разликуваат ширум културите. На одредени однесувања се гледа како на прифатливи и посакувани, а на други како на неприфатливи. Ова не значи дека овие однесувања не се реалност и дека треба да бидат исклучени од дискусиите за сексуалното образование.[7]

Исто така важно е да се потенцираат врските на сеопфатното сексуално образование и остварувањето на Милениумските развојни цели за кои нашата земја е исто така обврзана. Сеопфатната информираност и одлуките кои произлегуваат се директно поврзани со:

- искоренување на екстремната сиромаштија или глад - милениумска развојна цел број 1
- постигнување сеопфатно основно образование- милениумска развојна цел број 2
- промовирање родова еднаквост и поддржување на жените - милениумска развојна цел број 3
- подобрување на здравјето на мајките- милениумска развојна цел број 5
- борба против ХИВ/СИДА- милениумска развојна цел број 6[8]

Што е тоа сеопфатно сексуално образование?

Сексуалното образование има за цел да им помогне на младите да ги разберат позитивните аспекти на сексуалноста стекнати преку вистински знаења и преку животни вештини за да донесуваат информирани и правилни одлуки за своето однесување и за сексуалното здравје, како и за врските и односите со луѓето сега и во иднина. Истовремено тоа треба да им овозможи на младите да ги истражуваат сопствените ставови и да развиваат вештини кои промовираат право на избор и безбедно и одговорно сексуално однесување.

**Сеопфатното сексуално образование претставува доживотен процес на стекнување на информации и создавање на ставови, верувања и вредности за идентитетот, врските и интимноста.**

Значи, терминот *сеопфатно* подразбира сексуално образование што го опфаќа целосниот корпус на информации, вештини и вредности кои ќе им овозможат на младите да ги практикуваат своите сексуални репродуктивни права и да донесуваат одлуки за своето здравје и за својата сексуалноста. Под целосен корпус на информации се подразбираат сите достапни точни информации кои ќе им овозможат на младите да го одберат она што е најдобро за нив. Притоа не се исклучуваат информациите кои се поврзани со традиционалните семејни вредности, или пак, апстиненцијата, туку напротив, тие се дел од можностите за кои младите можат да одлучат согласно нивните потреби.

[6]International Guidelines on sexuality education: an evidence informed approach to effective sex, relationships and HIV/STI education, UNESCO 2009

[7]IBID, p.2.

[8]Breaken D and Cardinal M "Comprehensive Sexuality education as a means of promoting sexual health", International journal of sexual health. 20 (1&2) 2008

Но, исто така, сеопфатното сексуалното образование не се однесува само на биолошките аспекти на сексуалноста, на превенцијата на болестите и на бременоста. Тоа ги вклучува и сите психо-социјални и емоционални аспекти на сексуалноста, односно ги препознава сексуалните права, задоволството и сексуалната различност како основа на едно успешно сексуалното образование.

Општо е прифатено дека сеопфатното сексуално образование треба да се прилагоди според возраста и според степенот на развој на целната група. На сексуалното образование не треба да се гледа како на изолиран и единствен пристап, туку како на важна алка во едни поширoки иницијативи со цел да се подобри здравјето и благосостојбата кај младите.

Според МФПР-Меѓународната федерација за планирано родителство сеопфатното сексуално образование треба да ги опфати следниве подрачја:

- род
- сексуално и репродуктивно здравје, воедно и сексуални права и ХИВ/СИДА
- сексуално граѓанство
- задоволство
- насилство
- различност
- врски

Оваа рамка ја користевме во прегледот на содржините за сексуално образование во постојните наставни програми во Македонија. Рамката е прикажана во прилог 1 на крајот од овој документ.

Во светот се одвива голема дебата околу позитивните страни и придобивките од спроведувањето на сеопфатното сексуално образование. Главното прашање е дали сексуалното образование им овозможува на младите да донесуваат информирани одлуки за нивното сексуално однесување и со тоа обезбедуваат заштита на сексуалното и репродуктивно здравје или, пак, дека сексуалното образование има штетни последици за младите, како на пример дека го иницира прераното започнување на сексуалните односи.

Истражувањата[9] и анализите на постојните програми за сексуалното образование во училиштата потврдуваат дека сексуалното образование придонесува на:

- одложување на започнувањето со сексуална активност или намалување на бројот на сексуални партнери кај младите
- ефикасност при преговарањето со партнерот да се има секс и да се користи кондом
- развивање на позитивни ефекти во знаењето и изградена свест за ризиците, вредностите и ставовите

**Ваквите ефекти на сексуалното образование водат кон здраво и одговорно однесување кај младите и кон развивање на позитивни и толерантни ставови за сексуалноста и различностите кои постојат меѓу луѓето, за нивните потреби и за нивните права.**



[9] Kirby D Impact of Sex and HIV Education Programmes on Sexual Behaviors of Youth in the Developing and Developed Countries. Family health International,2006.

# Проценка на потребата за сексуално образование кај родителите, наставниците и учениците

Вовед

Во текот на 2009 година Х.Е.Р.А во соработка со Министерството за образование на Република Македонија спроведе пилот проценка со цел да се идентификуваат потребите за воведување на сексуално образование во рамки на основните и средните училишта. Во истражувањето беа вклучени ученици, наставници и родители од три средни и три основни училишта во Скопје и Тетово. За собирање на квалитативните и квантитативните податоци од истражувањето беа користени два методи: фокус групи со ученици и администрирање на структурирани прашалници со родителите и наставниците.

Методологијата, целите, резултатите и заклучоците од проценката се систематизирани во две одделни целини: а) наставници и родители, б) ученици.

# А) Наставници и родители

**Цели**

1.Идентификување на перцепцијата и ставовите на наставниците и родителите во врска со потребата од воведување на сексуално образование (СО) во редовната наставна програма во училиштата.
2.Идентификување на ставовите на наставниците и родителите за обемот и содржината на наставните програми во доменот на СО во училиштата.
3.Проценка на подготвеноста на наставниот кадар за активно вклучување во програмите за СО во училиштата.
4.Проценка на очекувањата на родителите за ефектите врз младите од воведувањето на СО во наставните програми.

**Методологија**

Методологијата, која се користеше при дизајнирањето на оваа проценка, се одвиваше во неколку фази:

- идентификација на локацијата на истражувањето по пат на систематска селекција, при што беа опфатени Скопје (општини Карпош и Шуто Оризари) и Тетово, со цел да бидат опфатени најзастапените етнички популациски групи
- стратификација на статистичкиот примерок во 2 стратума: стратум на наставници и стратум на родители
- од стратумот на наставниците се формираше намерен примерок на наставници кои во училиштата предаваат наставни предмети, чии содржини се релевантни во однос на сексуалното образование (биологија, психологија, физичко воспитување)
- од стратумот на родителите се формираше намерен примерок на родители на ученици од различни години на образование
- развивање на прашалници[10] за наставници и за родители врз основа на преглед на релевантна литература[11] која се однесува на сексуалното образование, на промоцијата на здравјето и факторите кои влијаат врз развојот на сексуалноста кај младите воопшто
- тестирање на прашалниците и нивно ревидирање за постигнување на поголем степен на разбирливост на прашањата и избегнување на двосмисленост и сугестибилност во поставените прашања
- податоците за ставовите и перцепциите на наставниците и на родителите се собираа преку спроведување на анкетирањето со индивидуално пополнување на прашалниците од сите статистички единици вклучени во примерокот.

[10]Прашања со однапред понудени мултипни одговори во комбинација со отворени прашања со можност за допишување на одговори
[11](CCPES et al., 2000; Clément, 1998; Kehily, 2002; Teixeira, 1999; Vaz et al., 1996; Walker et al., 2003)

**Табела 1**. Основни карактеристики на интервјуираните во примерокот во студијата ( број на анкетирани наставници и на родители и според полот и местото на живеење)

| Град | Наставници | | Родители | |
|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Машки | Женски |
| Скопје | 3 | 20 | 15 | 22 |
| Тетово | 9 | 4 | | 21 |
| Вкупно | 12 | 24 | 15 | 43 |

Во рамките на истражувањето беа опфатени вкупно 36 наставници и 58 родители.

## Техника на анализа на податоците

За обработка на податоците од пополнетите анкетни прашалници се користеше ЕПИ ИНФО софтвер. Постапката за анализа на податоците се одвиваше во следните етапи:

- развивање на посебно кодирана дата база за обработка на податоци добиени од прашалниците на родителите и наставниците
- внес на податоци
- дескриптивна анализа на добиените податоци

## Етичка димензија на користените податоци

Со цел да се запази етичката димензија на истражувањето беа спроведени неколку процедури:

- обезбедување на дозвола за анкетирање по претходна целосна и опсежна информација на анкетираните за целите на истражувањето и за начинот на користењето на добиените податоци
- анонимно пополнување на прашалниците и исклучување на податоци за името, презимето и адресата на испитаниците
- обезбедување на приватност при пополнувањето на прашалниците

## Бијаси и ограничувања

Во ова истражување постојат одредени бијаси и ограничувања на можностите за генерализација на резултатите поради на специфичноста и сензибилноста на темата на самото истражување.

Првиот бијас се јавува заради начинот на којшто е формирана изборната рамка и начинот на кој е селектиран примерокот на испитаниците. Примерокот не е одбран по правилата на случајно назначување, но сепак се внимаваше на тоа тој да биде соодветен и во најголема можна мера да ја претставува популацијата на која се однесува. Така, беа направени соодветни примероци од секој од стратумите од испитаниците кои ги исполнуваа критериумите за кои истражувачите сметаа дека можат да понудат најмногу и најрелевантни податоци. Освен тоа беа опфатени три етнички групи во Македонија.

Истражувачите се на мислење дека постои недоволна сензитираност кај субјектите на истражувањето за темите кои беа истражувани, особено во однос на психолошките аспекти на сексуалноста, така што и во самите резултати се јавува одредена недоследност и неконзистентност на прашањата од овој тип. Затоа оваа студија е база на почетни наоди, врз чијашто основа ќе се преземат продлабочени проценки и истражувања.

# Резултати

## 1 Идентификување на перцепцијата и на ставовите на наставниците и родителите во врска со потребата од воведувањето на СО во редовната наставна програма во училиштата.

Според изјавите на родителите приоритетни проблеми, со кои се соочуваат младите, се недоволниот пристап до информациите (51,7%) и раното започнување со сексуални односи (43.1%). Исто така, висок процент на родители (69%) сметаат дека обезбедувањето на највисок степен на сексуалното здравје на младите подразбира пристап до информации. Согласно на ова ( 91,4%) од родителите се одлучиле дека информациите за сексуалноста младите треба да ги добиваат во рамките на редовното школување или уште поконкретно само 1,8% се изјасниле дека се против воведувањето на СО.

Наставниците (69.4%) сметаат дека промоцијата на сексуалното и на репродуктивното здравје може да придонесе до позитивна промена во однесувањето на учениците. Најголем процент од наставниците (44%) под сексуални права подразбираат сексуално образование.
Од вкупниот број на анкетирани само 11,1% од наставниците изразиле резервираност и сметаат дека не постои потреба за воведување на СО во наставната програма.
Во однос на периодот на воведувањето на СО во наставните програми на училиштата речиси 2/3 од родителите и наставниците сметаат дека тоа треба да започне во основното образование. Само 5,5% од наставниците и 10,7% од родителите се изјасниле дека СО треба да се воведе во текот на средното образование.

**Табела 2**. Процентуална застапеност на одговорите на родителите и наставниците за периодот на воведувањето на СО во училиштата

| Период за воведување на СО во наставата | Наставници | | Родители | |
|---|---|---|---|---|
| | фрекфенција на позитивни одговори % | вкупно | фрекфенција на позитивни одговори % | вкупно |
| 5 одделение | 22.8 % | 77.1 % | 16.1 % | 82.2 % |
| 6 одделение | 22.8 % | | 37.5 % | |
| 7 одделение | 20 % | | 12.5 % | |
| 8 одделение | 11.5 % | | 16.1 % | |
| Во средно училиште | 5.5 % | 5.5 % | 10.7 % | 10.7 % |
| Не знае | 5.8 % | 5.8 % | 5.3 % | 5.3 % |
| Не треба да се воведе | 11.5 % | 11.5 % | 1.8 % | 1.8 % |

# 2 Идентификување на ставовите на наставниците и родителите за обемот и за содржината на наставните програми во доменот на СО во училиштата

## 2.1 Родителите и содржината на програмата за СО

Родителите се едногласни во мислењето дека сексуалното образование им треба подеднакво и на девојчињата и на момчињата.
За родителите сексуалното образование опфаќа: почитување на сексуалните права (62,1%), на семејните (46,5%) и традиционалните вредности (20,7%), воздржување од предбрачни сексуални односи (13.8%), почитување на религиозните вредности (12.1%)(Слика.1). Од осумте родители кои се одлучиле за предбрачната апстиненција 70% се жени.

**Слика 1**.: Што подразбираат родителите под СО




Во однос на прашањето дали програмите за сексуално образование треба да вклучуваат теми за сексуалната различност, теми за сексуалната ориентација и теми за сексуалните идентитети, 67% од родителите се изјасниле позитивно, 22.4 % немале став, а 10.3% биле против (види слика 2).

**Слика 2**.: Родители: сексуална различност, сексуален идентитет и сексуална ориентација во СО



Родителите беа прашани за кои теми не треба да се разговара на часовите по сексуално образование, при што имаа можност истовремено да изберат повеќе опции. Иако не се утврди некоја тема за која родителите се согласни дека треба да се исклучи, најголем дел од нив посочиле дека на часовите по СО не треба да се разговара за егзибиционизам (31%). Понатаму податоците покажуваат дека дел од родителите сметаат дека на овие часови не треба да се споменува сексуалното насилство и интернет сексот (24.1%), мастурбацијата и проституцијата, (22.4%), како и порнографијата (20.7%)

Само мал дел од родителите не сакаа да се зборува за ХИВ/СИДА(12.1%) и за бременоста (5,2%). Одговорите во целост се прикажани на слика 3.

**Слика 3**.



## 2.2 Наставници и содржина на програмата за СО

Според наставниците знаењата за сексуалноста подразбираат информации за половите карактеристики, интимноста и репродукцијата.(слика 4).

**Слика 4**.: Наставници: знаења за сексуалноста




Понатаму, за да се добие претстава за ставот на наставниците за општиот концепт на СО, тие одговорија на прашањето: „Дали наставната програма за СО треба да биде заснована на принципот на сексуална разновидност и сексуалната ориентација“. 61,1% од анкетираните наставници сметаат дека СО треба да биде засновано на овој принцип, додека 38.9% не се согласуваат.

Во овој контекст поголем дел од наставниците се залага за СО коешто треба да се заснова на позитивен пристап кон сексуалноста (63,9%), но пристап којшто обезбедува заштита на сексуалното здравје(52.8%). Од друга страна само, 22,2 % од родителите сметаат дека СО треба да има пристап којшто го вклучува сексуалното задоволство, а 11.1% дека треба да упатува на воздржување од сексуални односи пред стапување во брак. Сите одговори се прикажани на слика 5.

**Слика 5**. : Каков пристап кон сексуалноста треба да има СО



Голем процент од 83.3% од испитаниците одговориле дека наставната програма за СО треба да ги охрабри жените да се заштитат од сексуални болести и од несакана бременост. Исто така, 77.8% сметаат дека сексуалното образование мора да обезбедува информации во согласност со различните потреби на мажите и на жените. Имено, наставниот кадар смета дека СО треба да биде чувствително на возраста и сексуалниот развој на учениците (80.6%), потоа на моралните норми (41.7%) и на семејните вредности (30.6%). Интересен е фактот дека само 11.1% од испитаниците сметаат дека програмата треба да е чувствителна во однос на сексуалните проблеми на учениците, како и на нивната сексуална ориентација. Наставниците не сметаат дека потребите на родителите треба да бидат земени предвид, односно само 2.8% ја посочиле таа потреба. Целосниот преглед на одговорите на прашањето кон што треба програмата за СО да биде чувствителна е прикажан на слика 6.

**Слика 6**.: Чувствителност на програмите за СО




Наставниот кадар беше запрашан дали СО треба специфично да биде насочено кон воздржување од сексуални односи како единствен метод за спречување на несаканата бременост. Притоа, една третина од наставниците одговори дека не се согласува со овој став, една третина се согласува, а последната третина е неодлучна.

На прашањето: „Што треба СО да промовира?" беа понудени повеќе одговори. Испитаниците ги акцентираа сексуалните одговорности (50%), избегнувањето на сексуалните ризици или сексуалните права (44.4%). Во помал дел тие се определија за разновидно изразување на сексуалноста (25%), за традиционалните семејни вредности (13.9%) и за религиозните вредности (5.6%)

Исто како и родителите и наставниците истакнаа за кои теми не би требало да се разговара на часовите по сексуално образование. И тука, како и кај родителите, најголем дел од испитаниците е против разговори за егзибиционизам (38,9%). Истиот процент од испитаниците ја исфрла порнографијата, а околу 30% се против мастурбацијата, менувањето на полот, двобрачноста, сексуалните позиции. Во споредба со родителите, сличен процент од наставниците 22.2% сметаа дека СО не треба да опфати теми од областа на сексуалното насилство.

Се испитаа и ставовите на наставниот кадар во врска со вештините кои учениците треба да ги стекнат преку програмата за СО. При тоа најголем акцент се стави на вештините за заштита од ХИВ/СИДА и од другите СПИ,(85,3%), потоа на вештините за заштита од несакана бременост (61.8%), понатаму на начините како учениците да зборуваат со

лекарот за нивното сексуално здравје (50%). Во помала мера наставниците ги истакнаа вештините со кои младите би можеле да се справат со социјалниот притисок да започнат со сексуални односи (26.5%) и вештините како да се воздржат од сексуални односи пред брак (17.6%).

## 3 Проценка на подготвеноста на наставниот кадар за активно вклучување во програмите за СО во училиштата

Се направи проценка на подготвеноста на наставниот кадар да зборува со учениците на теми од областа на сексуалноста. На прашањето: „Дали на часовите по СО на учениците треба да им се даде можност отворено да зборуваат за сите теми поврзани со сексот, љубовта и сексуалноста" 54.3% од наставниците одговориле позитивно, 34,3% делумно се согласуваат дека отворено треба да се разговара на овие теми, додека 11.1% одговориле негативно.

Понатаму, наставниците имаа можност да ги посочат темите поврзани со сексуалноста за кои се подготвени отворено да разговараат со учениците. Најголем дел од испитаниците смета дека е подготвен да разговара за заштита од ХИВ/СИДА (63.9%), за љубов и односи помеѓу партнерите (58.3%). Иако (50%) од испитаниците сметаат дека се подготвени да разговараат за пубертет, истовремено, само 5,6% од нив можат да зборуваат за хигиената за време на менструацијата. Исто така, од една страна подготвеноста да зборуваат за бременоста е идентификувана кај 44.4%, а за контрацепцијата кај 5.6% од наставниците.

Многу мал процент, само 16.1%, од наставниците, кои учествуваа во истражувањето, изразиле подготвеност да разговараат за заштита од СПИ. Исто така, малку од нив можат да зборуваат за хигиената при менструацијата или пак за контрацепцијата. Само 2,8% од наставниците се подготвени да разговараат со своите ученици за полот и родот. (види табела 3)

**Табела 3**.: Теми за кои наставниците се подготвени да разговараат со своите ученици (фрекфенција на позитивни одговори)

| ТЕМИ | |
|---|---|
| заштита од ХИВ / СИДА | 63,9 % |
| љубов и односи меѓу партенрите | 58,3 % |
| пубретет | 50 % |
| бременост | 44,4 % |
| менструален циклус кај девојчињата | 38,9 % |
| употреба на кондом | 36,1 % |
| болести кои се добиваат преку сексуални односи | 30,6 % |
| анатомија и физиологија на половите органи кај момчињата и девојчињата | 30,6 % |
| сексуални односи | 27,8 % |
| абортус | 25 % |
| сексуални права и слободи | 19,4 % |

**Табела 3.**: Теми за кои наставниците се подготвени да разговараат со своите ученици (фрекфенција на позитивни одговори)

* продолжение од предходната страна

| ТЕМИ | |
|---|---|
| заштита од СПИ | 16,7 % |
| мастурбација | 13,9 % |
| прв сексуален однос | 13,9 % |
| сексуално насилство и силување | 13,9 % |
| сексуално воздржување (апстиненција) | 13,9 % |
| оргазам | 11,1 % |
| ерекција и ејакулација | 8,3 % |
| сексуална еднаквост | 8,3 % |
| сексуална приватност | 8,3 % |
| законски забрани во врска со сексот и сексуалноста | 8,3 % |
| сексуални стереотипи | 8,3 % |
| контрацепција | 5,6 % |
| одржување на хигиена за време на менструацијата кај девојчињата | 5,6 % |
| хомосексуалност | 2,8 % |
| сексуална ориентација и сексуални идентитети | 2,8 % |
| пол и род | 2,8 % |

Дополнително испитаниците беа запрашани за нивното сфаќање на сексуалната приватност на младите. Половина од анкетираните наставници сметаат дека попречувањето на доброволната интимна врска и на сексуалниот однос претставува нарушување на сексуалната приватност. Сепак, мал е процентот од наставниците кои озборувањето за нечија сексуалност пред други (27,8%) или спречувањето на јавно изразување на сексуалниот идентитет (16,7%) го сметаат за злоупотреба на сексуалната приватност.

**Табела 4.**: Најчести причини за нарушена сексуална приватност

| ПРИЧИНИ | |
|---|---|
| попречување на доброволен секс | 52,8 % |
| попречување на доброволна љубовна/интимна врска | 52,8 % |
| неовластен пристап до медицински податоци за сексуалната или репродуктивната состојба | 36,1 % |
| неовластен пристап или изнесување на личните податоците за сексуалноста | 36,1 % |
| попречување на мастурбација (самозадоволување) | 30,6 % |
| сликање или прикажување на интимни снимки без согласност | 30,6 % |
| озборување за нечија сексуалност пред други | 27,8 % |
| спречување на јавно изразување на сексуалниот идентитет | 16,7 % |
| непоседување на интимен простор за секс или за самозадоволување | 5,6 % |

## 4 Проценка на очекувањата на родителите од ефектите врз младите од воведувањето на сексуалното образование во наставните програми

74.1% од родителите сметаат дека младите треба да имаат општествена поддршка за остварување на највисок степен на сексуалното здравје, под што, пак, подразбираат обезбеден пристап до правилни информации.

За разлика од наставниците, поголем дел од родителите (79.3%) очекува на часовите по СО отворено да се разговара за сексуалноста. 80. 7% од нив сметаат дека тоа треба да биде прилагодено на возраста и на полот на младите, приближно ист процент од нив (79,3%) смета дека тоа треба да ги информира младите што е тоа „нормално“, а што е тоа „ненормално“ сексуално однесување.

65.5% од родителите веруваат дека почитувањето на сексуалните права е основа за одговорно сексуално однесување на младите, 15.5% не се согласуваат со овој став, додека 19% немаат став по ова прашање.

Според родителите програмите треба најмногу да се насочени кон стекнување вештини за заштита од СПИ/ХИВ/СИДА (79.3%), од несакана бременост (53.4%), за избор на средство за контрацепција (31.9%), а помалку за преговарање со партнерот (15.5%) и за воздржување од сексуални односи (10.3%)

**Табела 5**.: Кои вештини треба да ги стекнат учениците со СО

| ВЕШТИНИ | |
|---|---|
| како да се заштитат од СПИ и ХИВ/СИДА | 79,3 % |
| заштита од несакана бременост | 53,4 % |
| како да изберат најдобро средство за контрацепција | 31,9 % |
| како да се справат со притисоците за рано започнување со сексуални односи | 29,3 % |
| како да се соочат со несаканата бременост | 25,8 % |
| како да стекнат самодоверба во односите со партнерот | 17,2 % |
| вештини за преговарање со партнерот | 15,5 % |
| како да се воздржат од предбрачни сексуални односи | 10,3 % |

Исто така, две третини (61.4%) од родителите сметаа дека „наставниците по сексуално образование мора да ги почитуваат вредностите на учениците, да се воздржуваат од каква било осуда и да не им ги наметнуваат своите погледи и ставови во врска со сексуалноста“. Една третина (36.8%) делумно се согласува со овој став, а само 1.8% не се согласуваат.

# Заклучоци

## Родителите и наставниците се за воведување на сексуалното образование во училиштата како редовен предмет.

Родителите истакнуваат дека младите се соочуваат со недостаток од информации за сексуалноста, а обезбедувањето на пристап до информации од страна на државата преставува најсоодветна поддршка на сексуалното здравје на младите. Речиси сите родители се за воведување на сексуално образование во редовната наставата започнувајќи од повисоките одделенија на основното образование.

2/3 од наставниците сметаат дека промоцијата на сексуалното и репродуктивното здравје е основа за позитивни промени во однесувањето на учениците, а една половина од нив под сексуални права подразбира образование по сексуалност. Околу 90% од наставниците се за воведување на сексуално образование започнувајќи од седмото одделение на основното образование.

## И родителите и наставниците сакаат сексуално образование коешто промовира безбедно сексуално однесување, а голем дел од нив образование што ја вклучува сексуалната различност

Родителите се едногласни дека сексуалното образование треба подеднакво да биде прилагодено на потребите на момчињата и на девојчињата. Тие сметаат дека сексуалното образование треба да се заснова на сексуалните права, без да ги занемари семејните вредности, а едновремено не се против вклучување на теми за сексуална различност и сексуална ориентација. Не постои едногласност во ставот за кои теми не треба да се учи на часовите, на пример, поголем дел од нив се за исклучување на егзибиционизмот, а во исто време помал дел за исклучување на сексуалните перверзии. Сепак, може да се заклучи дека родителите се заинтересирани за биолошките аспекти и за сексуалното однесување на младите, односно за анатомските карактеристики, користењето на кондом, промискуитетот и бременоста.

И наставниците се залагаат за сексуално образование, коешто дава информации за биолошките аспекти на сексуалноста, како на пример полот, репродукцијата, но исто така дел од нив се свесни за потребата од зборување за интимноста и сексуалната ориентација. Како и кај родителите 2/3 од наставниците се залагаат за сексуално образование кое ја промовира сексуалната различност и сексуалната ориентација. Сексуалното образование треба да има позитивен пристап кон сексуалноста, но во исто време да упатува на заштита на сексуалното здравје, избегнување на ризичното однесување, да води кон сексуална одговорност, односно да развива вештини кај младите за заштита од ХИВ/СИДА и СПИ и за заштита од несакана бременост. За религиозните и традиционалните вредности се залага мал број на наставници.

Иако, СО треба да биде програма која во предвид ги има и мажите и жените, сепак треба да се обрне внимание на заштитата на жените.
Наставниците се согласни дека програмата треба да биде чувствителна кон развојните капацитети на младите, но не и кон сексуалните проблеми и сексуалната ориентација на младите. Исто така, тие не ги препознаваат потребите на родителите како значајни за сексуалното образование.
Наставниците немаат едногласен став и се неодлучни во врска со сексуалното образование кое се темели на апстиненција од сексуални односи пред брак.
Како и родителите, тие не го прифаќаат егзибиционизмот, но и менструацијата како дел од темите за кои не треба да се зборува. Но затоа, не се противат на дискусија за хомосексуалноста и бисексуалноста.

## Наставниците не се чувствуваат подготвени да предаваат на поголемиот број теми за сеопфатното сексуално образование и не ги препознаваат сите аспекти на сексуалната приватност на учениците

Само половина од наставниците се подготвени отворено да разговараат за сите теми поврзани со љубовта, сексот и сексуалноста воопшто. Сепак тие сметаат дека се подготвени да разговараат за ХИВ/СИДА, врски, пубертет и бременост. Загрижувачки се податоците кои покажуваат дека малку од нив се подготвени да зборуваат со учениците за СПИ, за менструацијата и заштитата од несакана бременост, односно контрацепцијата, кои се составен дел или се поврзани со ХИВ/СИДА, пубертетот и бременоста. Внимание привлекува и информацијата дека наставниците не можат да разговараат за полот и родот.

## Наставниците, освен попречувањето на доброволна љубовна врска речиси дека не се сензибилизирани за другите форми на нарушување на сексуалната приватност на учениците.

Родителите очекуваат сексуално образование кое дава сеопфатни одговори и практични вештини и кое ги почитува вредностите и потребите на нивните деца
Родителите сакаат часови за сексуално образование на кои отворено ќе се зборува за сексуалноста и за сексуалните права и на коишто учениците ќе дознаат што е тоа нормално сексуално однесување. Во поголем дел родителите очекуваат дека наставниците ќе ги почитуваат вредностите на учениците, дел нема да ја осудуваат нивната сексуалност или, пак, нема да им ги наметнуваат своите ставови за сексуалноста. Повторно вештините, кои треба да ги стекнат младите, треба да бидат практични и да им овозможат заштита од СПИ и ХИВ/СИДА и заштита од несакана бременост.

# Б) Ученици

**Цели**

Имајќи ги предвид преземените обврски на Република Македонија во поглед на обезбедување соодветно и објективно сексуално образование во наставните програми за адолесцентите, истражувањето си постави за цел:

1.идентификација на перцепцијата и ставовите на учениците (средношколци и основци) во врска со потребата од воведување на сексуално образование во редовната наставна програма во училиштата
2.идентификација на ставовите на учениците (средношколци и основци) за обемот и содржината на наставните програми во доменот на сексуалното образование во училиштата
3.проценка на учениците (средношколци и основци) за подготвеноста на наставниот кадар за активно вклучување во програмите за сексуално образование во училиштата
4.идентификација на главните проблеми и потреби кај учениците за обезбедување на квалитетно сексуално образование.

**Методологија**

По селекцијата на Скопје и Тетово, како мултиетнички градови во кои ќе се спроведува истражувањето на учениците, истражувачкиот тим се одлучи да се фокусира на учениците од четврта година средно образование и од осмо одделение (за да бидат максимално искористени нивните искуства од претходните години/одделенија).
Изборот на фокус-групите, како основен метод за прибирање на податоци (водени од претходно обучени врснички едукатори, врз основа на однапред подготвени прашалници), беше врз основа на претпоставката дека учениците ќе бидат помотивирани отворено да зборуваат за своите потреби и проблеми и да ги искажат своите ставови и перцепции пред нивните врсници во група (од ист пол или мешана), отколку пред анкетари насамо.
По подготовката на прашалникот за средношколци (од четврта година) и прашалникот за основци (од осмо одделение) истражувачкиот тим пристапи кон избор на модератори на фокус-групите и нивни асистенти (записничари) кои поминаа соодветна обука за користење на прашалникот како инструмент за модерирање на фокус-групата и како инструмент за внесување на добиените податоци.

| **Табела 1**. Број на фокус-групи и ученици во Скопје и Тетово | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Средношколци | | | Основци | | |
| Град | машки групи (број на учесници) | мешани групи (број на учесници) | женски групи/учес ници | машки групи (број на учесници) | мешани групи (број на учесници) | женски групи (број на учесници) |
| Скопје | 2 (16) | 2 (16) | 2 (16) | 2 (16) | 2 (16) | 2 (16) |
| Тетово | 1 (8) | 1 (8) | 1 (8) | 1 (8) | 1 (8) | 1 (8) |
| Вкупно | 3 (24) | 3 (24) | 3 (24) | 3 (24) | 3 (24) | 3 (24) |

Ваквата поделба на фокус-групите се очекуваше да обезбеди идентификување на разликите во перцепциите, ставовите и потребите врз основа на пол, возраст и место на живеење.





# Резултати

**1.а. Перцепцијата и ставовите на средношколците во врска со потребата од воведување на сексуална едукација во редовната наставна програма во училиштата.**

Убедливо мнозинство од средношколците сметаат дека има потреба да се воведе сексуално образование како одделен предмет во редовната наставна програма во училиштата. Во малцинство се оние што сметаат дека сексуалното образование треба да биде изборен предмет. Некои средношколци сметаат дека треба да се воведе сексуално образование и за нивните родители. Еден од учениците излезе со предлог сексуалното образование да се воведе „во форма на семинар каде што ќе можат да искажат мислење и родителите и учениците".

**1.б. Перцепцијата и ставовите на основците во врска со потребата од воведување на сексуална едукација во редовната наставна програма во училиштата.**

Мнозинство од основците сметаат дека има потреба да се воведе сексуално образование како одделен предмет во редовната наставна програма во основните училишта. Многу мал дел од основците не сака да се воведе сексуално образование, затоа што им е срам да учат за теми во врска со сексуалноста.

**2.а. Ставовите на средношколците за обемот и содржината на наставните програми во доменот на сексуалното образование во училиштата.**

Средношколците имаат различни мислења во однос на тоа кога треба да се воведе сексуално образование. Некои сметаат дека треба да се воведе во 1 и 2 година средно, некои уште во седмо одделение (кога влегуваат во пубертет), некои од осмо па натаму. Машката група од Тетово смета дека треба да се воведе во трета и четврта година средно образование. Најмногу сметаат дека треба да биде 2 часа неделно или 1-2 часа неделно.

Учениците сами ги предложија следниве содржини, како одговор на прашањето „За што би сакале да учите по сексуално образование?": „за љубов",„за убавината и се за сексуалноста",„за секс, за последици од секс, како доаѓа до чинот, заљубување, љубов и абортус",„за сексуално преносливи болести",„како се мести кондом",„за фрустрации",„на која годишна возраст е најдобро да се почне со сексуални односи",„општо за секс, како да се заштитиш, како да ги задоволиме", „од љубовта до бременоста", „за сексуалната ориентација..."

Во однос на предложените теми учениците немаа никаква резерва дека треба да бидат опфатени следниве: Сексуален развој, Пубертет, Сексуални органи, Сексот и репродукцијата, Сексуални права и одговорности (една фокус-група од Скопје сметаше дека ова е најзначајна тема што треба да се обработува), Сексуално здравје, Сексуални ризици, Забременување, Заштита од несакана бременост, Сексуална интимност и приватност, Сексуална дискриминација и насилство, Заштита од сексуално преносливи инфекции и од ХИВ/СИДА.

За две фокус-групи од Тетово најзначајна тема што треба да биде опфатена е бракот, семејството, родителството, за која искажаа резерви некои средношколци од Скопје.
Најмногу резерви беа искажани во однос на темите Сексуална апстиненција и Абортус (кај една од машките фокус-групи од Тетово). Помал број ученици искажуваа резерви во однос на темите Заљубување и љубов, Љубовни и сексуални врски, Сексуална ориентација и сексуални идентитети, Сексуални митови.

**2.б. Ставовите на основците за обемот и содржината на наставните програми во доменот на сексуалното образование во училиштата.**
И основците имаат различни мислења во однос на тоа кога треба да се воведе сексуалното образование. Мнозинството претпочита воведување во седмо и осмо одделение (во просек, со два часа седмично), но има и ученици што сметаат дека треба да се воведе во петто и шесто одделение („Што порано тоа подобро"). Во две фокус-групи од Тетово беше искажано мислење дека сексуално образование не треба да се воведува во основно образование, туку во втора година во средно образование.
Одредени групи беа поделени во однос на тоа дали сексуалното образование треба да биде редовен или изборен предмет. Дел од учениците претпочитаат сексуалното образование да не биде задолжителен предмет, затоа што би чувствувале срам кога би морале да одговараат за лекции во врска со сексуалноста.
Учениците сами ги предложија следниве содржини, како одговор на прашањето „За што би сакале да учите по сексуално образование?“: „Што е тоа љубов? Кога може да се има односи?“ (женски, „Истикбал“ - Тетово), „Како се прави, кога се прави, зошто се прави сексот? Што е СИДА?“ (мешана,„Истикбал“ - Тетово),„Се во врска со сексуалните болести, и како да не се дојде до стерилитет“ (машки, „Истикбал“ - Тетово); „Позите да се изучат, историја на сексот, да се изучат СПИ, како да се заштитиме" (машки, „Карпош“ - Скопје), „Заштита, жртви на педофилија, контрацепција, абортус, сексуална ориентација, како изгледа секси девојче, кога е најдобро време за секс“ (женски, „Карпош“-Скопје); „За болести, последици, заштита, бременост“ (мешана, „Карпош“ Скопје); „За прва брачна ноќ , за забременување, за абортус, за ХИВ/СИДА“ (машки, „Браќа Рамиз и Хамид“ Скопје); „Да се заштитиме од болестите и да се заштитиме од несакана бременост“ (женски, „Браќа Рамиз и Хамид“ - Скопје); „За несакана бременост (девојчињата) и заштита од СПИ (машките) (мешана,„Браќа Рамиз и Хамид“ - Скопје).
Во однос на предложените теми учениците немаа никаква резерва дека треба да бидат опфатени следниве теми: Сексуален развој, Пубертет, Сексуални органи, Сексот и репродукцијата, Заљубување и љубов, Брак, семејство, родителство, Сексуално здравје, Сексуални ризици, Сексуални митови, Забременување.

**3.а. Проценка на средношколците за подготвеноста на наставниот кадар за активно вклучување во програмите за сексуално образование во училиштата**
Кај најголем број средношколци преовладува впечатокот дека повеќето нивни професори не се подготвени да обработуваат теми во врска со сексуалноста. Професорите или не сакаат или не дозволуваат воопшто да се зборува за секс („Не постои секс во нивниот свет“ – машки,„Ѓоце Стојчески“ - Тетово,). Некои се плашат или се срамат да зборуваат за сексот и сексуалноста. Ретките исклучоци кои се памтат не ја менуваат преовладувачката перцепција кај средношколците дека е многу тешко да се започне каква било комуникација со професорите за теми во врска со сексот и сексуалноста.
Најголем дел од средношколците посакуваат за професори по сексуално образование комуникативни и отворени личности („отворени луѓе што ќе нè сфаќаат“), дел од нив инсистираат на млади професори, а за машките е битен и полот на професорите. Дел од машките од „Здравко Цветковски“ - Скопје би сакале да им предава женско, бидејќи „Ако

ни предава машко, ќе се осеќаме како педери". Некои предлагаат „наизменично да се менуваат машки и женски професори." (машка фокус-група „Орце Николов"-Скопје).

**3.б. Проценка на основците за подготвеноста на наставниот кадар за активно вклучување во програмите за сексуално образование во училиштата**

Кај голем број основци преовладува впечатокот дека повеќето нивни наставници не се подготвени да обработуваат теми во врска со сексуалноста. Многу ученици (особено од Тетово) изјавија дека наставниците намерно ги прескокнуваат овие теми, игнорирајќи ги потребите на учениците за информации во врска со сексуалноста. Дел од учениците се плашат од санкции, доколку постават „неумесно" прашање („Кога прашавме за кондом, се случи наставникот да го исфрли ученикот од клас, а следниот час ученикот требаше да доаѓа со родителот" - женски,„Истикбал" - Тетово).

Дел од наставниците немаат капацитет да разговараат на тема сексуално насилство, дискриминација и социјално исклучување. Кога неколку ученици се расправале во врска со проблемот на една соученичка, која била жртва на сексуално насилство, наставничката му рекла на присиленото девојче:„Доста више, бидејќи ти си проблемот на сите ствари што се случуваат во ова училиште" (женски, „Истикбал"-Тетово). И наставниците, кои го адресираат проблемот на сексуалното насилство, не го прават тоа на соодветен начин. Кога еден ученик бил жртва на сексуално насилство од страна на киднапери, „наставниците само тој случај го даваат за пример дека не треба такви работи да се случуваат во нашиот град" (машки,„Истикбал"-Тетово). Личните проблеми и проблемот со социјалното исклучување на ученикот не бил адресиран од наставниците: „Тој ученик после од психичка болка почна да се облекува, зборува, однесува како педер, по што ние го избегнуваме сè повеќе и повеќе"(машки,„Истикбал"-Тетово).

Најголема подготвеност кај наставниците за обработка на извесни теми во врска со сексуалноста пријавија основците од ОУ „Браќа Рамиз и Хамид" во Шуто Оризари.

Најголем дел од основците посакува за наставници по сексуално образование комуникативни и млади личности кои ќе можат да ги разберат нивните проблеми и потреби.

# Идентификувани проблеми

**Проблем 1.а.: Сексуалноста сè уште претставува табу тема за многумина средношколци.**

Средношколците многу ретко зборуваат за љубовта, сексот и сексуалноста со нивните професори поради чувство на срам, непријатност, но и поради страв од можни санкции. Најмногу од учениците се информираат за љубовта, сексот и сексуалноста од другарите, од блиските роднини, од интернет, од филмови, списанија. Помал дел се информираат од нивните родители (најчесто од спротивен пол), од некои професори (најчесто помлади или класни раководителки), како и од здруженија на граѓани кои изведуваат работилници по училиштата.

Голем дел од учениците изјавија дека никогаш не зборувале за љубовта, сексот и сексуалноста со нивните професори. Некои укажуваат дека „не доаѓа предвид да се зборува пред професорот“. Некои сметаат дека„не е забрането, ама не може да се збори“ и дека „нема забрана да се зборува, има срам“, особено кај девојките. Сепак, кај некои ученици постои страв дека ќе бидат карани или санкционирани ако би поставиле прашање во врска со сексуалноста.

И кога се зборува на час, многу ретко се зборува позитивно за теми поврзани со сексот и сексуалноста. Најмногу се зборува на часовите по биологија (најчесто апстрактно, само во склоп на лекциите, а ништо надвор од тоа), на часовите по македонски и албански јазик и литература, но и по социологија, по вовед на право, и на класен час. Најмалку за сексуалноста се зборува во Тетово, каде што дел од учениците изјавија дека зборувале само еднаш: „Да, сме зборувале еднаш, додека правевме анализа на еден роман на час по албански јазик. Но, конкретно ништо, само дека сексот треба да биде после венчавка.“

На мнозинството средношколци им е најнепријатно да разговараат за сексуалноста со професорите (“Нема логика на некој професор да му раскажуваш за секс”). Дел од нив чувствуваат страв да им се обратат и на родителите („Ако се осмелиме да прашаме за секс, ни отиде главата“. - машки,„Ѓоце Стојчески“-Тетово). Самото поставување прашање за сексот се смета за голем грев во некои традиционални семејства („Дедо и баба мислат дека сме вршеле голем грев ако прашаме...“ - машки,„Ѓоце Стојчески“-Тетово).

**Проблем 1.б.: Сексуалноста претставува табу тема за многумина основци.**

Најголем дел од основците се информираат за сексот и сексуалноста преку интернет, порно-списанија („стручна литература“), од поголеми другари и невладини организации. На многу основци им е срам или страв да се обратат на наставниците или родителите за информации или совети во врска со сексуалноста („најнезгодно ни е од родители, затоа што не можеме да им кажеме, можат да не тепаат, и срам ни е и страв“). Најмногу за теми во врска со сексуалноста се зборува на часовите по биологија, македонски/албански/ромски јазик и литература.

**Проблем 2.а.: Мнозинството средношколци не располагаат со најосновни информации и поими во врска со сексуалноста и сексуалното здравје.**

Голем дел од средношколците не можеа да направат разлика меѓу секс и сексуалност, а многумина ниту меѓу пол и род. Некои го поистоветуваат сексот со сексуалноста, а сексуалноста со сексуалната ориентација. Мнозинството средношколци имаат учено какви промени се случуваат во пубертетот на часовите по биологија ("Освен со професор по биологија, што е и логично, не можеш да зборш со други професори за органите" – машки, „Орце Николов"-Скопје). Но малкумина учеле за промените на сексуалните органи („Не сме разговарале за полови органи како се менуваат... Срамота е тоа, ќе те избркаат од час" - „ машки, „Здравко Цветковски"-Скопје). Во многу случаи, предавањата за менструацијата биле одржувани само за девојчињата.

Професорите тешко се справуваат со овие теми („Сите се смеат и се срамат да прашуваат и професорите се срамат" мешана,„Здравко Цветковски"-Скопје ;„Голем срам е, особено за професорите да разговараат за пубертет пред девојките на класот, тие (професорите) поцрвенуваат" - Тетово, машки). Професорите честопати ги прескокнуваат часовите на кои треба да се зборува за сексуалното здравје и сексуалните органи или им ги препуштаат на самите ученици („Професорите не сакаат да предаваат лекции за секс"- женски, „Здравко Цветковски" -Скопје; Ваквите лекции ги предаваат учениците" – женски,„Орце Николов" Скопје).

**Проблем 2.б.: Мнозинството основци не располагаат со најосновни информации и поими во врска со сексуалниот развој, пубертетот, љубовта.**

Причина за тоа е што најголем број наставници воопшто не можат да го „пробијат ѕидот" од срамот, непријатноста и смеата, најчести реакции на учениците кога станува збор за тема поврзана со сексуалноста („кога учевме за сексуално размножување, наставникот ги изговори само првите четири букви на зборот сексуално, и машките почнаа да викаат, а наставникот го зеде дневникот, излезе надвор и не го продолжи часот").

Многу од основците имаат впечаток дека љубовта е непожелна тема за разговор со наставниците: „за љубов не прават муабет, а ако ги прашаш ќе те направат будала и ќе те гледаат на криво како да си ненормален"; „наставниците се срамат, мислат дека сме мали" (женски,„Карпош"- Скопје).

Сексуалните органи се табу тема за голем дел од наставниците: „за пенис и вагина ние учениците забележавме дека тој свесно ги скокаше тие делчиња од лекцијата, додека никој не се осмелуваше да реагира, пошто знаеше дека ќе заврши кај педагогот, која ќе им ги повика родителите. (машки,„Ѓоце Стојчески„- Тетово)."

**Проблем 3.а.: Најголем дел од средношколците не добиваат информации за темите„прв сексуален однос" и„безбеден секс" од нивните професори.**

Многу од средношколците воопшто не ни разговарале на тема „љубов",„љубовни односи" и „прв сексуален однос" со нивните професори: „Зборот љубов не постои кај нас" (машки,„Ѓоце Стојчески„- Тетово);„Оперирани се од тие теми, ни викаат не пијте, не пушете и не се дрогирајте" (мешана, „ Здравко Цветковски"-Скопје); „Постои страв и неугодност да се збори на таа тема" (машки, „Орце Николов"-Скопје). Некои професори ја одбегнуваат темата љубов со слоганот - „љубов после часови" (женски, „Орце Николов"- Скопје).

Дел од учениците имаат чувство дека постои непишана забрана да се зборува на тема „прв сексуален однос" со професорите: „Не е конкретно речено како забрана, но како ненапишано правило е забрана. Знаеме дека ако зборуваме ќе имаме проблем. Постои и страв од професорот." (машки, „Ѓоце Стојчески„- Тетово). Најголем дел од средношколците не знаат кога можат слободно да стапат во сексуални односи.

Сексот, мастурбацијата, ерекцијата се непримерни теми за разговор на училиште: „Женските не знаат што е мастурбација, иако момчињата го спомнуваат зборот стално на час, додека професорите се прават како да не слушнале ништо“ (женски, „Ѓоце Стојчески„- Тетово). Има и ученици кои не знаат што значи зборот мастурбација (мешана, „Ѓоце Стојчески„- Тетово), иако го правеле тоа (машки, „Ѓоце Стојчески„- Тетово).

Голем дел од средношколците го перципираат сексот како забрането овошје: „Секс, знаеме од семејна едукација дека не треба да имаме пред да се ожениме“ (машки, „Ѓоце Стојчески„- Тетово). Некои го перципираат како опасност (“опасно по здравје без кондом”), дури и како нешто нездраво (“колку е здраво – толку е и нездраво“ – мешана, „Орце Николов“-Скопје). Реткост се професорите кои позитивно го опишале сексуалниот однос како „убаво чувство, обострано задоволство“ (мешана, „Орце Николов“-Скопје).

Дел од средношколците воопшто не добиле информации од професорите за тоа како доаѓа до забременување: „Професорите мислат дека сме недозреани или пак други мислат дека сè знаеме и само учениците си предаваме“. (женски, „Орце Николов“-Скопје). Дел од средношколците имаат впечаток дека добиваат селективни и цензурирани информации: „Спермата се лепи за ооцитот и се формира зигот, кој потоа се размножува многу и се добива фетус, па бебе. Немаат раскажано ништо повеќе. Ниту за сексот кој е неопходен за бременост, ниту пак како и од каде излегува бебето.“ (машки, „Ѓоце Стојчески„- Тетово). Средношколската бременост е срамна тема за некои професори, дури и кога ќе дознаат дека е проблем со кој реално се соочуваат нивните ученици: „не ли е срамота да биде трудна сега, а вас не ли ви е срам да пишувате за вакви работи“, била реакцијата на професорот откако на глас прочитал приватно ливче (женски,„Орце Николов“-Скопје).

Информации за безбеден секс средношколците најмногу добиваат од предавања од страна на невладини организации, од брошури, од телевизија, од искусни другари, а многу поретко и од нивните професори, обично на часовите по биологија.

**Проблем 3.6.: Најголем дел од основците не добиваат информации за темите „прв сексуален однос“ и „безбеден секс“ од нивните професори.**

Најголем дел од основците од осмо одделение немаат информација кога можат слободно да стапат во сексуални односи. Основците имаат потреба од одговори на прашањата „Кога може да се има однос?“ „Како се прави, кога се прави, зошто се прави сексот?“ - прашања кои не смеат да ги постават пред нивните наставници. Овие прашања се актуелни во срединиte каде што девојчињата „се плашат да имаат секс да не си ја земаат невиноста“.

Најголем дел од основците немаат доволно информации како да се заштитат од несакана бременост и од сексуално преносливи инфекции („Девојчињата сакаат да знаат повеќе за бременоста за да не останат бремени ако имаат секс со некој само со мување, а мажите сакаат да знаат повеќе за заштита од СПИ“ –мешана, „Браќа Рамиз и Хамид“ - Скопје ). Многу мал дел од учениците добиваат релевантни и практични информации за тоа што се подразбира под безбеден секс од нивните наставници. Наместо информации за средствата за заштита од несакана бременост и СПИ, дел од учениците добиваат погрешни морализаторски поуки: „Безбеден секс е еднакво на семејство“. Во најголем број случаи осмооделенците се обесхрабруваат да имаат сексуални односи, без да им се дадат други уверливи причини, освен дека се мали за такви работи. Дури и кога се свесни за реалната можност од сексуални односи кај осмооделенците, дел од наставниците не даваат совети за користење на средства за заштита: „По математика имавме привремено советување – да не правиме глупости на екскурзија, после 9 месеци да не дојде до крштевка“ – женски „Карпош“-Скопје.

Учениците не добиваат релевантни информации за најосновните средства за заштита („не ни покажале кондом“ – женски, „Карпош“-Скопје). Дел од основците воопшто не можеле да препознаат ниту кондом, кога нивните другари го внеле кришум во класот за да играат препознавање кондоми-балони: „Некои ученици не ни знаеја дека е кондом, само го земаа и дуваа низ него, мислејќи дека стварно е балон, а други пак, играа фудбал со него“ (машки,„Истикбал“-Тетово).

**Проблем 4.а.: Средношколците се недоволно информирани за нивното право на сексуална приватност, иако повеќето од нив се свесни дека тоа право многу често им се крши во училиштата.**

Некои средношколци изјавија дека биле информирани за правото на сексуална приватност, но некои воопшто не биле: „Ниту еден од професорите не им укажал што е сексуална приватност, а се случувало на некој од соучениците да му биде нарушена.“ (машки,„Здравко Цветковски“-Скопје,). Сите фокус-групи укажуваат на бројни случаи на повреда на приватноста на средношколците и од страна на нивните соученици, но повеќе од страна на нивните професори:

- читање приватни записи од тетратки и дневници
- читање приватни ливчиња на глас
- јавно читање СМС пораки: „На едно девојче професорот му го зема мобилниот и му ги прочита сите пораки пред нас“ (женски, „Орце Николов“-Скопје); „Има зафрканции со професори. Се има десено да земе телефон и да чита пораки на зафрканција“ (женски,„Здравко Цветковски“-Скопје)
- следење на приватни електронски комуникации (“На MSN гледаат што пишуваме од централниот компјутер”- мешана,„Орце Николов“-Скопје)
- злоупотреба на мобилни телефони: „На физика другар ми пишуваше порака и професорот му го зема телефонот и ја допиша пораката“; „Ми ѕвонеше телефонот, професорот ми го зема и си правеше муабет”.

Дел од учениците имаат чувство дека се шпиунираат и нивните интимни врски од страна на професорите:„Ко шпиуни се, сè знаат кој со кого иде и слично”.

**Проблем 4.б.: Основците се недоволно информирани за нивното право на сексуална приватност, кое често им се прекршува во училиштата.**

Многу мал дел од учениците има добиено информации за нивното право на приватност од страна на наставниците („Особено нагласиле да не се чепка во дневник затоа што е приватно„ – машки, „Карпош“-Скопје). Сите фокус-групи наведуваа бројни примери за кршење на правото на приватност на учениците од страна на наставниците:

- читање на приватни писма:„наставничката го зела писмото и го носела кај директорот и го викна таткото на девојчето“ (женски, „Браќа Рамиз и Хамид“-Скопје)
- пресретнување на интимни пораки во ливчиња и нивно читање на глас од страна на професорите: „машките им пишаа на женските и им ги фрлаа ливчињата на час, а професорот ги ловеше ливчињата и им ги читаше пред сите“ (машки,„Истикбал“-Тетово)
- одземање мобилни телефони и читање на интимни смс пораки: „ни ги земаат и телефоните, ни ги гледаат смс пораките, сè...“ (женски,„Истикбал“-Тетово); „професорот ми го зема телефонот, ми ги прочита сите пораки и ми го задржа мојот мобилен, потоа ги викна родителите и им кажа: погледнете што прави на час (женски,„Карпош“-Скопје)

- контрола на ташните и одземање на шминките: „многу често наставниците ни ги контролираат ташните на сите ученици со причина за контрола на евентуален нож, но ние знаеме дека тие сакаат да контролираат заради шминките“(машки,„Истикбал“-Тетово).

Основците наведоа и случаи каде што некои наставници биле укорувани за кршење на правото на приватност, по реакција од страна на учениците и родителите:„едно девојче напишала писмо и наставничката го зела и го прочитала пред цел клас. Потоа отишла кај директорот и се жалела и наставничката беше повикана на состанок кај директорот (мешана,„Браќа Рамиз и Хамид“-Скопје);„наставничката му зема писмо на еден другар и го читаше на глас пред сите... потоа дечкото се налути и отиде кај мајка си и се скараа со наставничката (машки,„Браќа Рамиз и Хамид“-Скопје)“.
Помал дел од примерите се однесуваа и на кршење на приватноста од страна на самите основци: „имам прочитано туѓ дневник, девојчето почна да плаче, не кажа на професорката“ (мешана, „Карпош“-Скопје). Учениците наведоа и пример на кршење на сексуалната приватност и уценување со снимки од мобилен телефон: Ученикот и се заканил на другарката дека ќе им ги прикаже снимките од мобилен телефон на другарките или на семејството (снимки на кои се бакнувала со друг) и успеал да изнуди пари од неа, кои скришно ги земала од татко и (машки,„Истикбал“-Тетово).

**Проблем 5.а.: Професорите најчесто ги игнорираат проблемите со стигмата, социјалното исклучување и дискриминацијата врз основа на пол, изглед или сексуална ориентација.**
Дел од средношколците воопшто немале можност да добијат информации што е сексуална ориентација и какви видови сексуални ориентации постојат. Поголем дел од средношколците се свесни дека ќе бидат казнети ако употребуваат нетолерантен или „вулгарен“ говор, особено кон нивните професори:„Имавме случај кога двајца другари меѓусебно се зафркаваа со зборови на оваа тема, во еден момент професорката влегува на час, и мисли дека зборовите се однесуваат на неа. Целата работа завршува кај директорот со бркање од школо на еден ученик“ (мешана,„Ѓоце Стојчески“-Тетово).
Сепак, одредени видови нетолерантен говор се игнорираат од професорите: „Кога ќе кажеме педери на шала нè сфаќаат“ (женски, „Орце Николов“-Скопје). Се игнорираат и проблемите на учениците кои се жртви на сексуални навреди: „Го навредуваат, знаат професорите, ама се прават дека не знаат”(мешана,„Орце Николов“-Скопје).
Хомофобијата и сексизмот се загрижувачка појава, особено кај средношколците кои немале можност да добијат информации за тема сексуална ориентација. Хомосексуалците се жртви на социјално исклучување затоа што хомосексуалноста не се смета за нешто нормално:„Ги избегаваме сите хомосексуалци, пошто мислиме дека тоа не е нормално“ (машки, „Ѓоце Стојчески“-Тетово). Според некои средношколци хомосексуалците се или „болни“ или пак за жалење: „Тие што се прават свесно хомо се болни, а тие што се родени со вродени женски хормони и обратно ги жалиме“ (машки, „Ѓоце Стојчески“-Тетово).
Кај средношколките постои поголема толеранција за сексуалната различност („Имаме еден поголем другар кому му се допаѓаат и женските и машките“ – женски, „Ѓоце Стојчески“-Тетово), но и чувство дека се жртви на дискриминација врз основа на пол и изглед, од страна на нивните професори:„Кога девојчињата облекуваат нешто поекстра, како што сакаат сами, професорите ги казнуваат, ги бркаат од час, им се одмаздуваат во оценките, пишуваат неоправдани“ (женски,„Ѓоце Стојчески“-Тетово).

**Проблем 5.б.: Професорите најчесто ја игнорираат темата сексуална ориентација и проблемите со стигмата, социјалното исклучување и дискриминацијата врз основа на пол, изглед или на сексуална ориентација.**

Најголем дел од учениците не разговарале со наставниците на тема сексуална ориентација и не знаат што се подразбира под тоа: „не знаеме" (мешана, Тетово); „не сме разговарале со професори (машки, „Истикбал"-Тетово); „половина не знаат што е сексуална ориентација" (машки, „Карпош"-Скопје).

Некои ученици сами поттикнале разговор на тема хомосексуалност: на македонски „сами ја избравме темата и сами зборевме" (женски, „Карпош"-Скопје); „по македонски водевме дебата за хомосексуалност и повеќето беа против" (машки, „Карпош"-Скопје). Наставникот не искажал никаков став на дебатата.

Кај некои ученици постои страв да се зборува на тема хомосексуалност: „се плашевме дека би ни се случило истото, ако зборуваме за такви работи" (машки, „Истикбал"-Тетово). Кај машките постои и тенденција да избегнуваат „било каков другарски однос со машките со тенок глас и специфичен изглед" (машки, „Истикбал"-Тетово); „ако другар ми е педер, јас ако се дружам со него ќе мислат дека и јас сум педер" (мешана, „Карпош"-Скопје).

Во училиштата постои и се „култивира" хомофобична атмосфера, особено кај машките („од ист пол да се има односи, никако" - машки, „Истикбал"-Тетово). Учениците, за кои постои сомнеж дека се со поинаква сексуална ориентација, јавно се изложуваат на подбив: „На св.Валентајн на разглас прочитаа за педерот и го зафркаваа" (мешана, „Карпош"-Скопје). И некои наставници соучествуваат во „шегите": „На св. Валентајн наместија машко со машко, професорот се смееше, дечкото се посрами" (женски, „Карпош"-Скопје).

Сепак, постои впечаток кај дел од учениците дека „другарската" употреба на зборот „педер" не е навредлива: „кај нас „педер" го употребуваме како заебанција и меѓу другарите и не се лутиме" (машки, „Истикбал"-Тетово).

Дел од ученичките се жалат дека се дискриминирани не само од наставниците (поради забраната за шминкање), туку и од соучениците: „Нашите врсници нè дискриминираат викајќи: „ах... ти си пробала"; „ти не си девица" (женски „Истикбал"-Тетово).

**Проблем 6.а.: Средношколците имаат потреба од дополнителни информации и отворен разговор за проблемите што ги мачат во врска со сексот и сексуалноста, а кои не се адресираат од страна на нивните професори.**

Најголем дел од средношколците ја изразуваат потребата од дополнителни информации за сексуалните органи, за тоа што се случува за време на сексот и сексуалните односи: „Што се случува во сексот, сексуалните односи" (женски, „Здравко Цветковски"-Скопје), „Како е целата процедура на сексот" (мешана „Ѓоце Стојчески"-Тетово), „Самиот чин кога треба да биде" (женски, „Орце Николов"-Скопје). Голем дел сакаат дополнителни информации за СПИ и за соодветната употреба на средствата за контрацепција. Дел од средношколките особено ги мачи тоа што немаат слобода да се искажат, тоа што не можат да се облекуваат како што сакаат и тоа што мораат да ги кријат нивните симпатии (женски, „Ѓоце Стојчески"-Тетово).

**Проблем 6.б.: Основците имаат потреба од отворен разговор за проблемите што ги мачат во врска со сексот и сексуалноста, а кои не се адресираат од страна на нивните наставници.**

Учениците не се чувствуваат сигурни да ги адресираат своите сексуални проблеми ниту на класен час („еднаш на класен час, кога мојот другар ги спомна своите сексуални проблеми, беше отфрлен, не го ислушаа"). Учениците имаат впечаток дека наставниците се заинтересирани само за нивното поведение во училиштето: „Наставниците викаат:

што сакате правете, само надвор од училиште". Учениците морално се обесхрабруваат да поставуваат какви било прашања за теми во врска со сексуалноста „ако прашуваш премногу, ќе останеш немажена (неоженет)" (мешана,„Истикбал"- Тетово).
Основците наведоа бројни проблеми коишто ги мачат нив и нивните врсници, најмногу во врска со недостатокот на информации:„што е тоа секс, што се случува првиот пат кога имаме односи, како да се заштитиме"; "Безбедноста на сексот, односи, општо машки и женски пол, СИДА и инфекции, т.е. полово преносливи инфекции... "

Некои од проблемите, што ги мачат основците, се детерминирани од традиционалните забрани во нивната средина, особено во врска со култот на невиноста:„Љубовна врска и сексуални односно со партнерот доколку бара затоа што кај нас нема такво нешто" (женски,„Браќа Рамиз и Хамид"-Скопје);„Кога ќе се оженам, како да знам дали е расипана мојата жена да не ја обесам после" (машки,„Истикбал"-Тетово).

# Заклучоци

Убедливо мнозинство од средношколците сметаат дека има потреба да се воведе сексуално образование како одделен предмет во редовната наставна програма во училиштата. Тие имаат различни мислења во однос на тоа кога треба да се воведе сексуално образование. Притоа тие немаат резерва кон ниедна од темите на сеопфатното сексуално образование и најмногу се интересираат за практичните вештини кои треба да ги имаат во врска со сексуалноста. Кај најголем број средношколци преовладува впечатокот дека повеќето нивни професори не се подготвени да обработуваат теми во врска со сексуалноста.

Мнозинството основци и средношколци не можат да го остварат своето право на соодветно и објективно сексуално образование во рамките на постојните наставни програми и со постојниот наставен кадар.

**Идентификувани состојби:**

1 **Недостиг на информации:** Голем број ученици не добива од своите наставници соодветни информации за сексуалното и репродуктивното здравје, за сексуалните и репродуктивните права и одговорности, ниту информации кои би им овозможиле да ги идентификуваат или отфрлат сексуалните митови, стереотипи и предрасуди.

2 **Недостиг на животни вештини:** Постојните наставни методи и практики не овозможуваат развивање на животни вештини неопходни за заштита од несакана бременост и СПИ, како и за негување на одговорно сексуално поведение кај адолесцентите. Голем број ученици нема развиено основни вештини за комуникација, ниту вештини за поставување на прашања во врска со потребните информации или проблемите што ги мачат, затоа што сексуалноста е сè уште табу тема за нивните професори. Мнозинството ученици нема капацитет за критичко мислење и дебатирање за теми во врска со сексуалното здравје и сексуалните права, нема развиено вештини за донесување одлуки во врска со сексуалните предизвици, ниту пак е подготвено да ја преземат одговорноста.

3 **Недостиг на позитивни ставови и вредности:** Постојните наставни методи и практики не овозможуваат одгледување на позитивни ставови и вредности во врска со сексуалноста, сексуалното здравје и сексуалните права, особено кога станува збор за сексуалните малцинства. Мнозинството наставници не промовира кај учениците задоволство и доверба во нивната сексуалност и подготвеност да бидат во состојба сами за себе да прават информиран избор.

# Преглед на содржините за сексуалното образование во постојната наставна програма

Вовед

Во втората фаза од истражувањето за сексуалното образование Х.Е.Р.А. иницираше формирање на работна група од претставници на релевантни државни институции и министерства, граѓански организации и експерти за човекови права со цел да направи анализа на застапеноста и квалитетот на темите поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје во наставните програми и во училишните курикулуми на формалното основно и средно образование.

Во прилог е даден прегледот на литературата која е користена при анализата.

**Специфични цели:**

- да се анализираат содржините на наставните програми и учебниците од аспект на точноста на информациите
- да се анализираат содржините на наставните програми и учебниците од аспект на сеопфатноста на информациите
- да се анализираат содржините на наставните програми и учебниците од аспект на градењето на позитивни или негативни ставови и стереотипи

**Методологија на истражувањето**

**Дизајн на студијата:** Беше спроведена трансферзална, квалитативна студија при која беа користени два вида на специјално креирани прашалници: прашалник за анализа на наставните програми и прашалник за анализа на учебниците.
**Предмет (материјал) на истражувањето** беа наставните програми на формалното средно и основно образование како и учебниците во кои беа идентификувани темите релевантни на сеопфатното сексуално образование.

**Инструмент на истражувањето:** Како инструменти на истражувањето беа користени специјално креирани прашалници: прашалник за преглед на наставните програми (анекс 1) и прашалник за преглед на содржините на учебниците (анекс 2). Двата прашалника како предмет на анализа ги имаа следниве 7 теми: *род, сексуално и репродуктивно здравје, сексуално граѓанство, задоволство, насилство, различност и сексуални врски. Секоја од темите беше разложена на дополнителни прашања и поттеми со цел длабинско и структурирано анализирање на застапеноста и квалитетот на содржините. За изборот на темите и поттемите, кои беа предмет на анализата, се користеше рамката на Меѓународната федерација за планирано родителство за сеопфатно сексуално образование. (види прилог 1).*

Истражувањето се одвиваше во неколку фази:

1. Анализа на наставните програми од основното и средното формално образование и идентификација на наставните програми, односно на учебниците релевантни на сеопфатно сексуално образование
2. Анализа на содржините на учебниците кои содржат теми релевантни за сеопфатно сексуално образование
3. Изготвување на извештај за наодите од истражувањето

**Критериуми за вклучување:** Во студијата беа вклучени сите селектирани наставни програми и сите селектирани учебници кои во себе содржеа теми релевантни за сеопфатна сексуална едукација.

**Критериуми за исклучување:** Во студијата не беа анализирани информативно-едукативни материјали и прирачници за сексуално и репродуктивно здравје изработени од јавно-здравствени институции и од граѓански здруженија, со оглед дека не постои конзистентност во нивната употреба, ниту пак се користат на ниво на целата територија на државата. Исто така беше изоставена и наставната програма „Животни вештини“ која е дел од формалното образование, но процесот на нејзината имплементација е во тек.

# Резултати

## Тема 1.: Род

**а) Истражување за родовите улоги и нивните особини**

Во учебникот „Граѓанско образование“ (потпоглавје „Мажот и жената“ стр. 45) се промовираат резултати од научни истражувања според кои „голема улога за манифестираните разлики меѓу двата пола има социјализацијата“. Преку неа децата учат да се однесуваат како „момчиња или девојчиња“. Во потпоглавјето „Родови разлики“ се укажува дека традиционалните улоги на жените („се подготвувале за одгледување на деца и за одржување на домот“) и мажите (се подготвувале „за занимања од политички и воен карактер“), „не биле еднакво ценети во општеството“ и дека„мажите уживале повисок углед и имале доминантна положба како во домот, така и во општеството во глобала“.
Во учебникот„Социологија“ се објаснува дека„идентитетот на родот“ и родовите улоги се градат преку научено однесување:„Луѓето се родени како женски или машки, но тие учат да бидат девојчиња или момчиња кои ќе израснат во жени или мажи“ (стр. 112). Родовите улоги се опишани како културно и општествено условени:„Родовите улоги на жените и мажите многу варираат од една до друга култура, како и од една до друга социјална група во иста култура“ (стр. 114).

**б) Разбирање на перцепцијата за мажественоста односно женственоста во семејството и во животот**

Во учебникот „Социологија“ (поглавје „Родот и полот“, потпоглавје „Родот и биологијата“), полот е претставен како конструиран, а се дефинира како „одреден културен, општествен или политички статус кој им се придава на политичките суштества“ (стр. 109). Дадена е дистинкција меѓу полот и родот, според која со поимот род„се објаснуваат карактеристиките на мажите и жените кои се социјално определени (детерминирани), за разлика од оние кои се биолошки детерминирани.“ Забележливо е целосното отсуство на споменувањето на трансродовоста, транссексуалноста и интерсексуалноста. Според авторот, разликата меѓу полот и родот „е направена да нагласи дека сето тоа што го прават жените и мажите и сето тоа што од нив се очекува, со исклучок на нивните полово определени разлики (раѓање деца и доење), може да се измени и навистина се менува со текот на времето и во согласност со менувањето на различните социјални и културни фактори“ (стр. 112).
Во учебникот „Граѓанско образование“ (потпоглавје „Мажот и жената“ стр. 45) се дава следнава дистинкција меѓу пол и род:„Кога правиме разлика според полот, мислиме на биолошките и анатомските разлики меѓу мажот и жената. Кога говориме за родот, тогаш мислиме на психолошките, општествените и културните разлики меѓу нив.“ Според авторите„половите разлики, кои ги проучува биологијата, се евидентни“, но тие разлики не ги предодредуваат толку различните улоги во општествениот живот, колку процесот

на социјализацијата. Перцепцијата на разликите се адресира во неколку прашања: „Дали е во природата на мажот да биде ловец и војник, а во природата на жената да биде домаќинка? Дали според природата мажот е активен, а жената пасивна? Дали природата го дарувала мажот со рационалност, а жената со емотивност?“ На овие прашања не се дава потврден одговор, туку се сугерира дека „карактеристиките на мажот и на жената отстапуваат од воспоставената и широко распространета слика за нив.“

**в) Промени на вредностите и нормите во општеството**

Во учебникот „Граѓанско образование“ (потпоглавје „Општествени настојувања за еднаквост меѓу родовите“ стр. 47), се укажува дека „нашето општество настојува да создаде услови за рамноправност меѓу родовите“. Погрешно се наведува дека „уставот и законите ја регулираат оваа рамноправност“ (во нашиот устав има одредби за еднаквост само врз основа на полот, не и врз основа на родот). Наместо да се илустрираат промените на вредностите и нормите се извлекува следниов површен заклучок: „Сепак, традиционалните вредности сè уште се доволно силни за да се надмине проблемот на нееднаквоста“.
Во учебникот „Педагогија“ се објаснува трендот на демократизирање на односите меѓу мажот и жената во семејството“: „...демократизацијата на односите меѓу мажот и жената е директна последица на промената на економската положба на вработената жена, која, со издвојувањето на економска рамноправност во семејството, сè повеќе си обезбедува и подеднаква правна позиција со мажот...“ (стр. 140). Наместо да се промовира борбата за родова рамноправност, учебникот ја претставува како причина за „дезорганизација на семејството“: „Во некои семејства настојувањето на жената за извојување рамноправна позиција во семејството, условува жестоки конфликти, па дури и дезорганизација на семејството“.

**г) Стереотипи. Нееднаквост**

Во учебникот „Педагогија“, (11.2. Воспитание за прифаќање и разбирање на разликите меѓу луѓето), е дадена сосема збунувачка определба на „стереотипи“: „Разликите меѓу луѓето уште се нарекуваат стереотипи“ (стр. 185). Веќе во следниот параграф станува појасно дека стереотипите не се „разлики меѓу луѓето“, туку „релативно поедноставени и крути сфаќања за особеностите на припадниците на одделни социјални групи“.
Една од задачите на воспитувачите е да „настојуваат да ги избегнуваат можностите за создавање и поддржување на стереотипите кои ги носи детето од семејството или од друг влијателен фактор“ (стр. 186). Кога се набројуваат видовите разлики, воопшто не се споменуваат разлики според сексуалноста, туку само разлики според полот, во кои се наведува само машки и женски пол. Притоа, на воспитувачите им се сугерира „да се разбие стереотипот за традиционалната улога на половите во семејството (преку игри, слики)“ (стр. 186).
Во одделот 11.4. Интеркултурно и мултикултурно образование, кога плеонастички се зборува за „почитување и респектирање на културните разлики“, се спомнуваат само „јазик, вредности и лична вероисповед, етничка припадност“ (стр. 191), без да се споменат половите, родовите и сексуалните разлики, што претставува редуцирање на концептите на мултикултурно образование и културен плурализам. Исто така, на учениците им се нуди и прилично редуциран концепт на толеранција (само како почитување на туѓото мислење стр. 187). Воопшто не се адресира врската меѓу разликите, стереотипите, предрасудите и нееднаквоста.
Концептот на „рамноправност меѓу половите“ се промовира во поглавјето „11.5. Воспитание меѓу половите“ кога се набројуваат основните елементи на половото

воспитание: „почит, другарство и рамноправност меѓу половите" (стр. 198). Како услови за љубов се наведуваат „заемна искреност, почитување и рамноправност меѓу половите" (стр. 199). Ваквото сфаќање на љубовта и рамноправноста, само во контекст на „рамноправност меѓу половите", ја исклучува љубовта меѓу лица од ист пол и промовира нееднаквост меѓу хетеросексуалната љубов и другите видови љубов. Во учебникот „Педагогија", како позитивна вредност, се промовира и родовата еднаквост меѓу брачните партнери како предуслов за здраво и функционално семејство, како и за психолошки, социјален и емоционален здрав развој на децата.

Во учебникот „Социологија" се промовира „клаузулата дека сите луѓе се еднакви, без оглед на раса, пол, вера и социјално потекло". Авторот цитира статистички податоци од ООН за нееднаквоста и релациите на моќта меѓу мажите и жените.

Темата „Еднаквост меѓу родовите" се обработува во учебникот „Граѓанско образование". Наведени се повеќе области на родова нееднаквост: ограничувања на општествениот простор („Жената во голема мера е ограничена на домот и соседството"); ограничувања во образованието; професионални насочувања („воспоставениот културен примерок, прави разлики помеѓу машки и женски занимања и професии", од кои вторите „обично се помалку платени од машките"); нееднаквост на пазарот на работна сила (разликите во вработеноста на жените и мажите се „особено големи во општества во кои постои висока стапка на невработеност"); нееднаквост на положбата во работната организација („ретко има жени на висока положба во сферата на економијата"); и политичка нееднаквост („нивната застапеност во политиката сè уште е незадоволителна" стр. 47).

**д) Последици од постојните предрасуди поврзани со концептот за родот**

Во учебникот „Социологија" (потпоглавје „Родова социјализација") се споменуваат различни форми на социјализација која наметнувала норми и поддржувала „стереотипи и шаблони", како на пр.: „дека одредени активности се само за мажи, а други само за жени (на пр. готвење, перење, грижа за децата и др. се исклучиво женски), дека одредени професии се привилегија на машкиот пол (лекар, инженер, рудар и др.), бил наметнуван и прифатен ставот дека мажот е глава на семејството и неговиот збор е последен" (стр. 113).

Како последица на овие норми, засновани на „стереотипи и шаблони", „многу години жената живеела во стегите и пазувите на мажот, без право да одлучува, а сето тоа било прифатено од неа, бидејќи така била воспитувана."

Во учебникот се адресира и стереотипот дека половата поделба на трудот е биолошка: „Иако некои се обидуваат поделбата на трудот да ја сметаат за 'природна' или 'биолошка' особеност, искуството покажува дека оваа поделба е различна во зависност од културата и се менува со текот на времето" (стр. 111).

Авторот заклучува дека денес, „благодарение пред сè на долгогодишната и упорна борба на движењата на жените", голем дел од нормите се изменети, како и процесот на социјализацијата, во кој „нема наметнување на машки и женски улоги и се настојува да се подигне достоинството на жената и да се надминат сите ставови со кои се врши дискриминација на женскиот род" (стр. 113-4).

**Заклучок:**

*Информациите се опфатни, главно точни, но проблем е разбирливоста на содржините, особено при воведувањето на дистинкцијата меѓу полот и родот и адресирањето на родовите стереотипи. Дел од информациите предизвикуваат негативни ставови, како што е информацијата дека борбата за родова рамноправност може да биде причина за „дезорганизација на семејството".*

*Материјалот не е осмислен за да развива вештини за надминување на родовите стереотипи и предрасуди, за препознавање на дискриминацијата врз основа на полот и родот и за активно вклучување на ученичките и учениците во борбата за родова еднаквост.*

## Тема 2.: Сексуално и репродуктивно здравје

**а) Анатомијата и физиологијата на репродуктивните органи е застапена во неколку програми:** Анатомија наменета за прва година стручно медицинско образование, Физиологија (за прва година средно стручно образование- здравствена струка), Биологија за трета година реформирано гимназиско образование и во наставната програма по Биологија за осмо одделение.

Во однос на *анатомијата на репродуктивните органи* информациите се опширни и главно точни од стручен биомедицински аспект. Детално се објаснети функцијата на машките и женските полови жлезди, влијанието врз секундарните полови белези, менструалниот циклус.

Принципот на сеопфатност на дадените информации не е целосно запазен што се манифестира и со фактот што во одредени учебници не се целосно опишани репродуктивните органи. Во учебникот по Анатомија за прва година стручно образование се спомнуваат само внатрешни машки полови органи, додека надворешните можат да се видат само на слика. Надворешните женски полови органи (големи и мали усни) се само наведени, без никаков текст кој би ја појаснил нивната функција, додека клиторисот не е воопшто наведен како дел од женските полови органи, ниту во наративниот дел, ниту пак е даден преку слика (16).

Во однос на *функцијата* на половите органи, во сите учебници, без оглед дали се наменети за стручно или општо образование, доминира симплифициран пристап во објаснувањето на функцијата на половите органи која е сведена само на одржување на човековиот вид-репродукција при што најчесто се избегнува терминологијата од типот на "сексуален контакт" („Половите органи)... служат за оплодување на јајце клетката и зачеток на нова единка"Анатомија, лекција Полов систем; стр.152) „А вагината служи да го прими пенисот при оплодувањето и внесувањето на сперматозоидите ." Биологија за осмо одделение, Полови одлики на човекот и полови органи. стр. 105).

Таму каде се спомнува половиот однос, оплодувањето се сведува само на чинот на срeќавањето на јајце клетката со сперматозоидот и создавање зигот„Размножувањето на човекот започнува со половиот однос. Тогаш преку машкиот полов орган пенисот, милиони сперматозоиди се уфрлаат во вагината на жената ...Тоа е внатрешно оплодување и добивање зигот". (Биологија за осмо одделение, Полови односи, оплодување и ембрионален развиток, стр.107).

Се забележува отсуство на елементарна хуманистичка димензија и при опишувањето на процесите развој на плодот, породување. „Породувањето започнува со ритмички контракции на матката... По излегувањето на плодот следи исфрлање на постелката и плодовите обвивки, со што завршува раѓањето", (Физиологија за прва година, Физиологија на половиот систем, стр. 234).

Одредени информации, пак, градат стереотипи во смисла дека мажите се супериорни и физички и психички во однос на жените. „Мажите физички се појаки, а психички поиздржливи, додека жените се понежни и почувствителни". (Биологија за осмо одделение, Размножување на човекот, Полови одлики на човекот и полови органи, стр.105).

**б) Сексуално преносливи инфекции (СПИ)**

СПИ се опфатени во наставната програма по предметот хигиена и физиологија (двете наменети за прва година средно стручно образование-здравствена струка), во наставната програма по Биологија за осмо одделение и Биологија за трета година средно образование.
Се забележува дека не постои конзистентност во употребата на единствен термин за СПИ, туку се користат многу различни поими „заразно заболување кое се пренесува со полов однос", „заболување на половите органи" и „полови болести", „инфективни заболувања на половите органи" со што донекаде се внесува конфузија околу правилното разбирање на поимот СПИ. Можат да се најдат и произволни дефиниции за СПИ („Венеричните болести се заразни болести кои најчесто се пренесуваат со интимен контакт -сексуален однос", Хигиена на половите органи). Во однос на поделбата на поедини видови на СПИ, постои шаренило при што во различни учебници се дадени различни поделби без да се групираат во однос на предизвикувачите. Во учебникот по Хигиена е дадена следнава поделба: колпитис, сифилис, гонореја и СИДА, додека во учебникот по Физиологија за прва година средно стручно образование- здравствена струка, се групираат во леукорејата (бело прање) и венерични заболувања. Во повеќето учебници леукореја (бело прање) е систематизирано како полово заболување, иако е всушност симптом (Биологија за трета година**,**Физиологија)
Како **начини на пренесување** секаде е наведен половиот контакт (без да се наведат одделни видови на полов контакт), додека другите начини на пренесување или не се наведени или не се доволно јасно изнесени („Сифилис е заразно заболување кое се пренесува со полов однос, но може да биде и наследно")- притоа не е доволно објаснет преносот од мајка на дете, така што поимот „наследно" може да биде сфатено како хередитарно заболување (Хигиена, Најчести полови болести и болести кои се пренесуваат со полов однос, стр.31). „Гонорејата може да се пренесе и на новороденчето за време на породувањето" (Биологија за трета година гимназиско образование, Полови заболувања и превенција, стр. 212.)
Освен половиот контакт најчесто наведуван начин на пренос е користењето на ист прибор за лична хигиена (Физиологија, стр.237).
**Симптомите** се набројани делумно („болки во мочоводот, можен гноен секрет, ако се прошири кон внатрешниот полов орган и може да биде причина за стерилитет") при што не секаде постои јасна разграниченост на симптомите од последиците: болка и стерилитет (Физиологија, стр.237). Во некои од учебниците позначајните симптоми на одредени СПИ се дадени на издвоен дел од текстот – слика од леток (Хигиена, сл12. стр.31), што секако има за цел да го привлече вниманието на ученикот и да даде информации на еден оригинален начин, но со оглед на нечитливоста поради малиот фонт, повеќе има улога на пример како изгледа еден леток за СПИ, отколку што може да послужи како извор на информации. Во ниеден од учебниците не се нагласува дека многу често СПИ немаат никакви или, пак, имаат многу благи симпотоми. При наведувањето на последиците можат да се сретнат и недоволно точни и недоволно јасни податоци: „Класични венерични болести се сифилисот (lues) и гонорејата (triper) кои се со најтешки последици".

Како начин на **превенција** премногу голем акцент и се дава на личната хигиена „Превентивни мерки за намалување на воспаление на половите органи се редовно спроведување на лична хигиена, намалување на бројот на абортуси и друго", кои од своја страна не само што не даваат сеопфатна слика на превентивните мерки, туку се пласираат и информации кои се невистинити и незасновани на докази (намалување на број на абортуси) за начините за заштита од СПИ. Делумно се дадени и другите начини

на превенција, но пак преку слика на леток, со сите свои предности и недостатоци при користење на вакви илустрации (Хигиена). „Врз ширењето на болеста (се мисли на ХИВ/СИДА) најмногу влијае честото менување на партнери, промискуитетот, проституцијата ...", а не се реферира на практикување на небезбеден сексуален однос како главна причина за пренос на СПИ без разлика на карактеристиките на сексуалното однесување или определба што дава за впечаток дека на пример хетеросексуалната моногамна врска не преставува ризик од пренос на СПИ. Сето ова говори за потреба од редовно одржување на хигиената и негата на половите органи кај двата пола. (Биологија за трета година, Полови заболувања и превенција, стр.213.) Во ниеден од учебниците не се укажува дека важен начин на спречување на СПИ, освен употребата на заштита, е и правилната селекција на партнер, навремената дијагноза и истовременото лекување на двата партнера.

Во повеќето учебници значаен простор им се дава на ХИВ/СИДА при што најчесто се дава задоволително количество на информации. Се забележуваат одредени пропусти во поглед на наведувањето само на начините на пренесувањето, но не се наведува и на кој начин инфекцијата не се пренесува, што е од особено значење за намалувањето на стигмата кон инфицираните со ХИВ вирусот. Не секогаш јасно се наведени начините на пренос:„Сидата и вирусот, кој води до неа (ХИВ), се пренесуваат со сексуален контакт или со инјектирање на дрога со нехигиенски игли", без да се појасни поимот нехигиенски игли (Хигиена) кој во основа се однесува на нестерилизирани игли. Информациите во основа се делумно точни или неточни, несеопфатни, можат да се најде и голем број на нејасни и некоректни информации, како "Сидата е неизлечива, а заштитата од инфекцијата до е употребата на кондом при половите односи со непознати личности"- (Биологија за осмо, стр.112), при што може да се заклучи дека сексуалните односи со „познати" личности се безбедни и не преставуваат никаков ризик по здравјето на партнерите.„Полесно може да се пренесе од маж на жена, отколку од жена на маж. Затоа се препорачува користење на презерватив (кондом) при полов однос",останува недоволно јасно зошто полесно се пренесува од маж на жена и зошто треба да се користи кондом. Во однос на **превенцијата** се наведува дека е потребно „користење презерватив, да не се менуваат партнерите, навремено информирање за превентивните мерки и др.", без да се наведат целосно и јасно и другите начини на превенција од ХИВ/СИДА (Хигиена, Хигиена на половите органи, Најчести полови болести и болести кои се пренесуваат со полов однос, стр. 33).

Во некои од учебниците одредени СПИ воопшто не се спомнуваат, иако се голем јавно-здравствен проблем, како кламидијата или инфекцијата со ХПВ.
Голем дел од информациите е даден на начин кој создава стреотипи и мисперцепции, бидејќи се посочува дека само луѓето од подолните социјални слоеви, во вонредни животни околности и оние кои имаат неприфатливо сексуално однесување. се подложни на злото наречено СПИ, со што ја зголемуваат и онака постојната стигма кон СПИ, која претставува една од најголемите бариери за навремено јавување на лекар. („Ширење на половите болести настанува при честото менување на партнерите, проституцијата, миграција на луѓето, лошите социјални и хигиенски услови",Физиологија).

**в) Бременоста и планирањето на семејството**

Оваа поттема е опфатена во неколку наставни програми: наставна програма по физиологија и хигиена за прва година стручно медицинско образование, во наставната програма по биологија за осмо одделение, билогија за трета година средно образование и хирургија со гинекологија и акушерство со нега, четврта година.

Во однос на запазувањето на принципот на **точност** дадените податоци се и точни, но и неточни, а постојат и одредени нејаснотии и научно невистинити податоци. Таков е примерот на текстот кој се однесува на хормоналната контрацепција:„ако се земаат подолго, се зголемува тежината, но тие имаат и канцерогено дејство“ (Физиологија за 1-ва година стручно образование, лекција Заштита од несакана бременост-контрацепција). Без да се каже нешто за придобивката, се нагласува само (можното) штетно дејство без притоа да се дообјасни во кои случаи може да настане евентуалното штетно дејство со што се развиваат предрасуди во однос на тоа дека употребата на хормоналната контрацепција е штетна за здравјето спротивно препораките на Светска здравствена организација за полезноста од користењето на хормоналната контрацепција за заштита од непланирана бременост. Се користат и несоодветни термини за одредени видови методи, како: „заштита без користење на заштитни средства“ (Биологија за трета, Планирање на семејство, стр.210) наместо природни методи; „вештачки стерилитет“ наместо метод на стерилизација.

Во ниеден од учебниците не е дадена правилна, меѓународно прифатена поделба на контрацептивните средства, туку најчесто се даваат несоодветни поделби како на пример: „Контрацептивните средства се делат на: локални (физички и хемиски) и орални таблети“, **(Хигиена,** Здравствените аспекти на контрацептивните средства и половите односи), воедно нивното набројување е без некаков редослед во однос на групата на која контрацептивното средство припаѓа. Спиралата е наведена во групата „механичка заштита“ , иако таа е посебен вид на контрацептивно средство кое не спаѓа во групата на бариерни методи (Биологија за трета година, Планирање на семејството, стр.210).

Не е доволно објаснета ни ефикасноста на одделни видови методи поради што постои опасност да се стекнат информации кои можат да бидат штетни и да стимулираат небезбедно сексуално однесување:„Coitus interuptus метод на прекин на полов однос. Оваа е една од најстарите методи која и денес со правилна примена со успех ја спроведува голем број на партнери“. Се стекнува впечаток дека оваа метода е многу успешна, без да се уочи на тоа дека тоа всушност не е метод на контрацепција и дека треба да се избегнува (Хигиена за прва година стручно медицинско образование, Здравствените аспекти на контрацептивните средства и половите односи, стр. 30). „Меѓутоа најсилниот метода на прекинување на бременоста (абортус) е сè уште чест и најризичен начин за спречување на несаканата и непланираната бременост“, квалификувајќи го абортусот како метода за контрацепција наспроти фактот дека тој се третира како метода за прекинување на бременоста (Биологија за трета година средно образование, Планирање на семејството, стр. 210). Позитивно е што во овој учебник се потенцираат и други придобивки од употребата на спречување на несаканата бременост, а тоа е дека тие „овозможуваат и зголемување на еротското чувство (љубов без страв)“ (Биологија за 3-та, стр. Планирање на семејството, стр.210).

Информациите во некои учебници се несеопфатни, оскудни и недоволно јасни, а со тоа и недоволни ученикот да се здобие со минимален степен на знаења за планирање на семејството кои би му помогнале за зачувување на индивидуалното сексуално и репродуктивно здравје: "Орални контрацептивни средства - се користат само по консултација со гинеколог") **(Хигиена,** Здравствените аспекти на контрацептивните средства и половите односи**).** „Таблетките се пијат, спиралите се вметнуваат, а кондомите се за пенисот“ (Биологија за осмо одделение, Полови односи, оплодување и ембрионален развиток, стр. 108.). Текстовите многу често се поткрепени со илустрации на кои можат да се видат некои од контрацептивните средства, меѓутоа сликите се недоволни да го надоместат недостатокот на информации. Воедно понекогаш дејствуваат одбивно, дури и застрашувачки, како на пример делот на кој се прикажани спиралите, при што сразмерот во однос на другите средства не е запазен поради што изгледаат огромни(Биологија осмо, стр. 108).

За ниедна контрацептивна метода не се дадени целосни податоци за принципот на дејството и на кој начин ја спречуваат бременоста. За некои се наведува само местото на апликација: „Спирала може да биде од пластика или од метал, ја поставува гинекологот во внатрешноста на матката“ без да се објасни на кој начин го спречува забременувањето (Хигиена, за прва година, Здравствените аспекти на контрацептивните средства и половите односи, стр.29-30).

**Информациите се дадени така што кај ученикот развиваат стереотипи**, како на пример дека детето мора да расте со двата родитела, ставајќи ги еднородителските семејства во дискриминирана положба: „Преку планирањето на семејството, кое е основна клетка на општеството, се реализира и правото на новороденото да биде сакано, да живее и расте во благосостојба, опкружено со љубов и грижа од двата родитела“( Биологија за 3-та, Планирање на семејството, стр.210). Понекогаш авторот наметнува свои, паушални ставови за тоа што е потребно за среќно семејство и сугерира колкав број на деца би требало да има едно семејство за да биде среќно наметнувајќи со тоа насилна пронатална политика: „Семејството треба да се планира според материјалните можности за да се обезбеди правилен развиток на децата, услови за школување и среќна иднина. Се смета дека 5-члените семејства се најсреќни“ (Биологија за осмо одделение, Полови односи, оплодување и ембрионален развиток, Планирање на семејството, стр. 108).

Во учебникот по „Гинекологија и акушерство за 4 година здравствена струка“ постојат одредени неточни информации кои не се во согласност со научните сознанија и со препораките на Светската здравствена организација за хормонална орална контрацепција и кои предизвикуваат бариера за нејзиното користење кај одредени категории на жени, особено кај младите.„Во практиката е важно со тој метод (се мисли на хормонална орална контрацепција) да не се служат младите девојки и жените пред климактериум за да не се нарушува нормалното „навикнување,односно гасење на функцијата на јајчниците“ .

**г )Употреба на кондом**

Иако употребата на кондом се посочува како важен начин на заштита од СПИ, никаде не се објаснува начинот на правилна употреба на кондом, ниту наративно, ниту преку слика на која би можеле да се видат чекорите на неговото правилно поставување.

**д) Сексуалноста во текот на животниот циклус (пубертет, менопауза)**

Во учебникот по Биологија за осмо одделение (Постембрионален развиток, стр. 110), за пубертетот е одвоен многу мал простор и се дефинира како „период со нови психофизички особини, чувство на љубов, уметност, музика, поезија или некои внатрешни немири, преосетливост, нерасположение, инает“. Понатаму следи „зрелиот период на постембрионалниот развиток, кој започнува некаде со осумнаесеттата година, дејството на половите хормони и функциите во организмот се стабилизираат и човекот е подготвен да твори, води љубов, да создава и формира семејство“.

Во учебникот по Гинекологија и акушерство за четврта година здравствена струка, (во лекцијата Животни периоди на жената со оглед на функцијата на јајникот), опфатени се потпрашањата: пубертет и адолесценција, перименопауза, постеменопауза. Генерално има точни информации, но не е запазен принципот на сеопфатност на информациите, со оглед дека се фокусирани само на чисто биомедицински аспекти на пубертетот и на патолошки состојби во текот на овој животен период. Во мал дел од учебниците се опфаќа потпрашањето менопауза на што се одвојува многу малку простор (Физиологија), при што целиот текст е сведен на неколку реченици со кои се изнесуваат

физиолошки факти според кои менопаузата се сведува на „престанок на менструалниот циклус„ и „атрофија на јајниците" со што се зајакнува стереотипното сфаќање на менопаузата како процес на стареење и на дискриминаторски однос кон жените од оваа возрасна група (Физиологија, лекцијата Полови жлезди, стр.237). Поопширен текст за климактериумот е даден во учебникот по Биологија за 3-та година, каде освен најчестите симптоми, се наведуваат и „психички проблеми" (Климактериум, стр.210).

**ѓ) Да се живее со ХИВ**

Оваа тема не е обработена во анализираните учебници.

**Заклучок**

*Во однос на **поттемата Анатомија и физиологија на репродуктивните органи** информациите се во најголем дел точни, освен што се многу поедноставени и сведени на елементарни податоци кои не можат да послужат за унапредување на знаењата и за зголемување на информираноста. Во однос на содржината недостасуваат одредени податоци со што принципот на сеопфатност не е запазен, воедно тоа придонесува содржината на текстот да не биде целосно во согласност со поставените цели на програмите. Нагласен е биомедицинскиот аспект и фокусираност на ниво на орган, што е донекаде разбирливо со оглед на фактот дека наставните програми немаат за цел унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, туку пред се усовршување на општи и професионални знаења. Исклучок е наставната програма по Хигиена која има за цел да „**идентификува** последици од несоодветно одржување на личната хигиена, половите болести и непознавањето на контрацепцијата".*

*Во однос на **поттемата СПИ** не постои унифициран пристап во однос на редоследот на давањето на информации кој би требало да се почитува кога се зборува за СПИ (поделба, причинители, симптоми, начини на пренесување, начини на превенција и лекување), се користи неконзистентна терминологија, информациите се несеопфатни, одделни СПИ воопшто не се спомнуваат, иако денес претставуваат голем јавно-здравствен проблем. Не се изнесени сите начини на пренесување, (изостануваат преносот преку мајчино млеко и контактот кожа со кожа), голем дел од симптомите не се спомнуваат, ниту пак фактот дека СПИ многу често се асимптоматски или имаат блага симптоматологија, што е додатна причина за нивното ненавремено дијагностицирање, лекување и ширење. Воедно никаде не се наведени последиците од СПИ. Информациите се и делумно застарени и не соодвествуваат со новите научни сознанија. Можно е да поттикнуваат развивање на стереотипи и предрасуди кон СПИ, особено кон ХИВ позитивните лица како и кон поедини популациски групи (зависници, луѓе од пониски социјални слоеви), што е особено негативно поради фактот дека стигмата кон СПИ е една од најзначајните бариери за правилна заштита и навремено јавување на лекар.*

*Во однос на **поттемата контрацепција** позитивно е тоа што вака важна тема е внесена во наставните програми и што во сите учебници јасно се препознава позитивниот став на авторите кон употребата на контрацепцијата како главна детерминанта на здравјето на жената. Сепак, постојат многу недостатоци, пред сѐ недоволната систематизираност и оскудноста при изнесување на информациите, се наведуваат неправилни поделби на методите, не е даден начинот на употребата и принцип на дејствување, додека одделни методи не се воопшто наведени. Се изнесуваат неточни и научно непотврдени податоци, особено за штетноста на*

*хормоналната контрацепција и се наметнуваат ставови, со што постои можност да се изградат предрасуди кои, пак, понатаму можат да бидат пренесени врз нивните врсници. Ова делумно може да го објасни негативниот став кај младите кон хормоналната контрацепција, како и воопшто нискиот степен на употреба на контрацепција, особено на модерните контрацептивни методи, како и практикување на двојна заштита (истовремена употреба на кондом и хормонална контрацепција) како најсигурен начин за заштита и од несакана бременост и од СПИ. Особено е впечатливо дека ниту во еден од учебниците не се дадени практични информации за кондомот (што е кондом, видови на кондом, како се употребува, каде да се набави) како единствено контрацепционо средство кое штити од СПИ и од несакана бременост, а кое е од особена важност за младите при практикување безбеден сексуален однос.*
*Во однос на* ***поттемата сексуалноста во текот на животниот циклус (пубертет, менопауза)*** *многу малку простор е даден на останатите промени кои се случуваат во овој период (емотивни, социјални), додека доминираат физичките промени, кои се дадени на начин со кој се засилуваат постојните родови стереотипи.*

*Во однос на* ***поттемата „Да се живее со ХИВ“*** *не се обрнува никакво внимание за психо-социјалните и здравствените аспекти луѓето кои живеат со ХИВ и СИДА, ниту се дискутира за појавите на стигмата и дискриминацијата на која се изложени овие лица преку што би се развивале толерантни ставови кон оваа маргинализирана популација. Генерално ХИВ/СИДА се разгледува само од здравствен аспект, а социјалниот пристап е изоставен со што се оневозможува учениците да градат позитивни ставови поврзани со ХИВ/СИДА.*

*Најголемиот дел од содржините е осмислен да го подигне степенот на информираноста на учениците, во прв ред, за физичките промени и за биомедицинскиот аспект на СРЗ, но не и да им се помогне да изградат вештини кои би им помогнале да го сочуваат и унапредат своето СРЗ во целина (вештини за критично размислување, вештини на преговарање за воведување на контрацепција во врската, вештини на донесување на одлуки, јакнење на самодовербата, развивање на одговорност, создавање емпатија, респект, вештини за барање на навремена помош итн.) Начинот на кој се дадени, фокусираноста на давањето на информации, нивниот обем, прецизност и релевантноста (во ниту еден учебник авторите не користат референци, ниту пак посочуваат листа на користена литература) ги прави содржините главно недоволни за стекнување на потребните знаења и вештини кои би им помогнале за зачувување на нивното сексуално и репродуктивно здравје во периодот од животот, кога тие информации им се најпотребни. Особено загрижува можноста за создавање на погрешни знаења и сфаќања, како и можноста за создавање и јакнење на постојната стигма и на родовите стереотипи.*

## Тема 3. Сексуално граѓанство

### а) Знаења за меѓународните и националните политики и закони за човекови права

Во учебникот „Граѓанско образование“, во поглавјето „3.3. Основни права и слободи на човекот“, воопшто не се спомнува правото на здравје, иако се наброени повеќе „Економски и социјални слободи и права (стр. 55). Како важен орган во ОН е спомната „Комисијата за статусот на жената која го надзира остварувањето на конвенцијата против дискриминацијата на жените“ (стр. 54).
Во учебникот „Етика“ (за втора година), во поглавјето „Демократија и права на човекот“, се споменуваат документи на ООН и на тела на ООН, како УНИЦЕФ и УНЕСКО. Наведени се и делови од правата од „Универзалната декларација за правата на човекот“, меѓу кои и правото на образование. Посветено е речиси незабележително внимание на концептот за недискриминација. Не се опфатени различните видови на права, вклучително и сексуалните и здравствените права, за разлика од „Декларацијата за правата на детето“ која е наведена и цитирана. Не постои никаква референца на декларациите и конвенциите кои ги гарантираат правата на жените. Онаму, каде што се споменуваат слободите и правата на сите луѓе без разлика на нивниот статус, на ниту едно место, покрај различните статуси кои се наброени, не е споменат родот, полот или сексуалната ориентација. Недостасуваат информации кои се поврзани конкретно со македонскиот контекст во однос на прашањата на демократијата, човековите права и недискриминацијата.
И во учебникот „Педагогија“, каде што има одделен дел за „Воспитание меѓу половите“ (познато како „хуманизација на односите меѓу половите или сексуално воспитание“ стр. 193), отсуствува аспектот на сексуалните права, како дел од човековите права во врска со сексуалноста.

### б) Сервиси за сексуално и репродуктивно здравје и информации за пристап до нив

Во учебникот „Педагогија“, во одделот „Заштита од полови болести и несакана бременост“, не се даваат никакви практични информации за постојните сервиси за сексуално и репродуктивно здравје и како младите да пристапат до нив.
Во „Етика“ (за втора година), во поглавјето „Здравствена етика“, сексуалното здравје не се афирмира во наброените „Елементи на доброто здравје“. Детални информации за постојни сервиси нема, макар што се наведува како „принцип на однесување“ дека „Ако постои и најмалечко сомневање за инфекција, никогаш не треба сами да се лекувате! Секогаш треба да се побара лекар!“ (стр. 183). Во поглавјето „Заразни болести“ СИДАТА се вбројува во „најновите ужаси на човештвото“, заедно со „разните херпеси, жолтицата тип Ц, африканската болест на спиење, Ебола-треската“.

### в) Застапување

Во ниту еден учебник не се даваат информации кои се предизвиците и полезноста од застапувањето за правата поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје, кои организации ги застапуваат сексуалните и репродуктивните права на младите и каква треба да биде нивната улога.

**г) Избор. Правна заштита**

Во учебникот „Граѓанско образование“, во поглавјето „3.3. Основни права и слободи на човекот“ во „Економски и социјални слободи и права“, се споменува „право на слободно одлучување за создавање деца“ (стр. 55). Во другите учебници отсуствуваат информации за правото на избор во врска со сексуалноста, репродукцијата и сексуалното и репродуктивното здравје.
Во учебникот „Граѓанско образование“ се потенцира дека „Државните органи имаат и самите обврска да ги заштитуваат правата и слободите на граѓаните“, каде што се набројува низа државни институции. Според авторот, кога на граѓаните им се повредува некое право и слобода, „најпрво им се обраќаат на редовните судови, а потоа и на сите други органи, каде што даваат свои претставки, жалби, тужби, итн“. (стр. 56).

**д) Согласност и право да се има секс кога си подготвен**

Во учебникот „Педагогија“ љубовта се претставува како „проблем со кој се судираат децата во пубертетот“, која во суштина не е вистинска, а им задава 'главоболки'“ (стр. 196). Во потпоглавјето „Стапување во сексуални односи – кога, зошто и со кого?“ (стр. 200), се дава следниов одговор на прашањето „кога да се стапи во полов однос“: „само тогаш кога постои љубов“. Но веднаш следува прашањето „дали младите можат да оценат што е вистинска љубов?“, на кое се сугерира негативен одговор за младите на возраст помеѓу 15 и 18 години. Според авторите на учебникот „Воспитувачот е должен да им укаже дека во овој период децата не се способни за вистинска љубов.“ Авторите негираат дека адолесцентите чувствуваат сексуални потреби: „Во погорните одделенија може да се случи да се впуштаат во сексуален живот, не затоа што чувствуваат потреба, туку од љубопитност и за да докажат дека се возрасни“. Според авторките љубовта и сексуалноста се исклучиво привилегија на возрасните.

**Заклучок:**

*Информациите се нецелосни и делумно неточни. Се занемарува правото на здравје кога се зборува за човековите права. Занемарени се концептите на сексуално здравје и сексуални права, како и фактот дека правата поврзани со сексуалноста не се однесуваат и на децата. Недостасуваат информации за човековите права и недискриминацијата во македонски контекст. Не се афирмира принципот на недискриминација и врз основа на пол, род и сексуална ориентација. Не се даваат никакви информации за постојните сервиси за сексуално и репродуктивно здравје и како да се пристапи до нив. Се даваат погрешни информации за СИДАТА која се вбројува во „најновите ужаси на човештвото“, заедно со „разните херпеси, жолтицата тип Ц, африканската болест на спиење, Ебола-треската“. Не се даваат информации кои организации ги застапуваат сексуалните и репродуктивните права на младите. Отсуствуваат информации за правото на избор во врска со сексуалноста, репродукцијата и сексуалното и репродуктивното здравје и како и каде може да се заштити.*
*Дел од информациите предизвикуваат негативни ставови во врска со љубовта и сексуалноста на адолесцентите, особено информациите дека децата од 15-18 години не се способни за вистинска љубов и негирањето дека чувствуваат сексуални потреби. Концептите на согласност и возраст на согласност не се афирмираат, ниту правото да се има секс кога си подготвен. Материјалот не е осмислен за да развива вештини кај учениците како да се соочат со предизвиците на сексуалноста и како да ги заштитат сексуалното здравје и сексуалните права.*

## Тема 4.: Задоволство

### а) Разбирање за сексот во кој треба да се ужива, а не да биде принуден

Кога детално се опишуваат промените во пубертетот („Педагогија“, 197), воопшто не се спомнуваат сексуалните желби, фантазии, размислувањата за сексуалниот чин како чинот на уживање. Кога се зборува на тема„услови за љубов“, се спомнуваат искреноста, почитувањето и рамноправноста меѓу половите, но не се зборува за уживањето и отсуството на принуда. Содржините не нудат доволно информации за тоа што се подразбира под сексуално задоволство и сексуално уживање, ниту пак се спомнуваат појавите, „сексуална возбуда“, „екстаза“, „оргазам“, „ејакулација“. Темата секс сé одбегнува на тој начин што се потенцира дека„младите луѓе во пубертетот се уште не се зрели личности!“ и се сугерира дека половото соединување претпоставува целокупна зрелост на личноста.
Во текстот се дава рестриктивна и неразбирлива дефиниција за „љубовта меѓу половите“ која наводно се сретнува „во литературата“, како однос на тежнение на субјектот кон објектот од спротивниот пол. Љубовта кај зрелата личност, која подразбира „полово соединување“, се афирмира како „предуслов за брак“ (200). „Обостраното уживање и задоволување“ се аспекти на „љубовта меѓу мажот и жената (момчето и девојчето)“, опишана како„нераскинлива органска поврзаност на телесното со душевното“ и„тежнеење кон одреден објект... чувство кое води кон соединување со него“.
Во учебникот „Психологија“, во поглавјето „Емоционален живот – поими и термини“, воопшто не се обработуваат поимите задоволство, љубов, и љубомора. Тие се само споменати во сликата 11,„Редослед на јавување на емоциите кај децата“, од која може да се согледа дека прво се јавува незадоволството, па задоволството, па љубовта за деца и за возрасни. Во потпоглавјата „сентименти и сложени чувства“ и „различни видови сентименти“ воопшто не е спомената љубовта, иако се споменати„чувствата на пакост, завидливост, љубоморност, злобност“. И покрај тоа, во „прашања и задачи“, од учениците се бара „Опишете го сентиментот на љубов“.

### б) Сексот повеќе од сексуален чин

Веднаш откако, се афирмира„сексуалниот живот на човекот“ како„нормална природна појава, без која не може да се развие природно и да живее правилно“, се дава предупредување дека желбата на младите „да стапат во интимни односи е природна“, под услов„доколку младите решат да стапат во брак и да засноваат семејство“. Поаѓајќи од фактот дека младите„не можат да го направат тоа пред да наполнат 18 години“ (при што се пренебрегнува можноста за брак и под 16 години со дозвола на родителите), авторите испраќаат порака дека желбата за стапување во „интимни односи“ пред 18 години не е природна желба.

### в) Љубов и врски

Во учебникот „Педагогија“ целосно се негира реалноста на љубовта кај децата и љубовта кон личност од ист пол. Без да се наведе каква и да било референца, во учебникот се среќава следнава дефиниција за „љубовта помеѓу половите“: „Во литературата љубовта помеѓу половите е дефинирана како збир појави во човекот (субјектот) кој тежнее кон одредена личност од спротивниот пол (објект), кои одат кон духовно зближување и телесно соединување по пат на заемно чувствување“ (стр.200).

Со ваквата дефиниција, љубовта им се ускратува на сите личности кои не „тежнеат“ кон одредена личност од спротивниот пол. Истовремено, со дефинирањето на „личност од спротивниот пол“ како објект, се промовира проблематичната рамка субјект-објект, која суптилно ги промовира љубениот/љубената како „објекти“.
На учениците им се испраќа порака дека се премногу млади и незрели за љубов и љубовни врски: „За љубов се потребни двајца, емоционално созреани партнери“ (стр. 200). Љубовните врски се привилегија на двајца емоционално созреани партнери од ист пол. Учениците се предупредуваат и застрашуваат дека „отсуството на зрелост кај двајцата сексуални партнери доведува до тешки последици по психичкото и физичкото здравје на младите“.

**г) Мастурбација**

За мастурбацијата не се зборува. Ниту кога се опишуваат промените во пубертетот, ниту кога дескриптивно се зборува за порнографијата како „сексуално изопачен импровизиран живот на двајца или повеќе актери, и сето тоа за комерцијални цели“ („Педагогија“, стр.202).

**д) Сексуалноста како дел од животот на секој поединец**

Од една страна, за авторите на учебникот „Педагогија“ „сексуалниот живот на човекот е нормална природна појава, без која не може да се развие природно и да живее правилно“. Од друга страна, „половиот нагон кој, пред сé е само физички, не е нормален за човекот, а им е својствен на животните и се применува за размножување“ и „половиот акт во отсуство на љубов кај човекот не е природен начин на телесно соединување на двајца од различен пол“(стр. 201)
Ваквото ограничувачко поимање на сексуалниот живот, кое го редуцира на „полов акт“ во присуство на љубов, не ја афирмира сексуалноста како дел од животот на секој поединец.

**ѓ) Родовите и задоволството**

Отсуствува родова перспектива во пристапот, освен кога се привилегираат промените на однесувањето на момчињата за време на пубертетот. Спомнато е само дека „Момчињата со задоволство се забавуваат гледајќи слики на голи жени“, без да се спомене на кој начин се забавуваат девојчињата. Кога се зборува за „негативните појави на сексуалниот живот на човекот“, на прво место е „проституцијата“, која погрешно се дефинира како „форма на полово искористување на жената или како полов однос за пари“.

**е) Различности во сексуалноста**

Принципот на сексуална различност воопшто не се афирмира во т.н. „воспитание меѓу половите“. Авторите на „Педагогија“ даваат негативен концепт на „сексуални определби“, оддел во кој се зборува само за „опачините на сексуалниот живот“. Не се зборува само за „проституцијата“, туку и за „хомосексуалноста и лезбијството“ кои се ставени во ист кош со „алкохолизмот“ и „наркоманијата“, кои исто така се третираат како „негативни појави на сексуалниот живот на човекот“ (?!). Верувале или не, една од целите и задачите на ваквото „воспитание меѓу половите“ е „развивање свест за последиците од своите сексуални определби“ (стр.195).

**ж) Прв сексуален однос**

Во учебникот „Педагогија“ се избегнува зборот секс. Наместо прашањето „Кога да се стапи во секс?“, се поставува прашањето „Кога да се стапи во полов однос?“ Одговорот е: „само тогаш кога постои љубов“. Но, љубовта им се одрекува на младите „помеѓу 15 и 18 години“ и се тврди дека „не би имало никаква смисла да се стапува во интимни односи кои, младите, во тој период, не можат да ги доживеат вистински“. Авторите не објаснуваат што подразбираат под „интимни односи“, па се добива впечаток дека изразот го употребуваат како синоним на „полови односи“.

**Заклучок:**

*Содржините не нудат доволно информации за тоа што се подразбира под сексуално задоволство и сексуално уживање, ниту пак се спомнуваат појавите „сексуална возбуда“, „екстаза“, „оргазам“, „ејакулација“. Содржините не нудат експлицитно разбирање за сексот како нешто во кое треба да се ужива, без да се биде принуден.*
*Целосно се негира реалноста на љубовта кај адолесцентите и љубовта кон личност од ист пол. Се фаворизира ограничувачка дефиниција за „љубовта помеѓу половите“. На учениците им се испраќа порака дека желбата за стапување во „интимни односи“ пред 18 години, не е природна желба и дека се премногу млади и незрели за љубов и „интимни односи“. Љубовните врски се привилегија на двајца емоционално созреани партнери од различен пол. Учениците се предупредуваат и застрашуваат дека „отсуството на зрелост кај двајцата сексуални партнери доведува до тешки последици по психичкото и физичкото здравје на младите“.*
*За мастурбацијата не се зборува. Се омаловажува половиот нагон и половиот акт во отсуство на љубов. Отсуствува родова перспектива во пристапот. Принципот на сексуална различност воопшто не се афирмира во т.н. „воспитание меѓу половите“. Се избегнува зборот секс, а наместо за сексуални односи се зборува за „интимни односи“.*
*Преовладуваат погрешни и ограничувачки информации и концепции за сексот и сексуалноста, а се фаворизираат исклучувачки хетеропатријархални вредности. Содржините не градат вештини како учениците безбедно да се соочат со предизвиците на сексуалноста, ниту пак развиваат позитивен пристап кон правото на сексуално задоволство како едно од сексуалните права на адолесцентите.*

# Тема 5.: Насилство

### а) Истражување на разни форми на насилство кон мажите и жените и како се манифестираат

Насилството врз жените само патем се спомнува во контекст на „родот и биологијата“: „и во современите општества притисоците постојат и се изразуваат како насилства било сексуални, било малтретирања од друг карактер, дури и страв дека ќе бидат убиени, се разбира од мажите“ (Социологија, стр.110). Исто така, само патем се илустрира дека жените се лишени од правото „да го контролираат и да се грижат за здравјето за своето тело, бидејќи во многу земји низ ритуал телото на жената се осакатува и покрај фактот што меѓународните документи за човекови права забрануваат културни постапки кои нанесуваат штета на жената“ (Социологија, стр.115).

**б) Насилството и родот**

Сексуалното насилство, семејното насилство и сексуалното вознемирување не се обработуваат како одделни родово-чувствителни теми, дури ни кога се зборува за „области на родова нееднаквост" (Граѓанско образование, стр.47), дури ни кога се зборува за воспитување во семејството или во училиштето, дури ни кога се зборува за „воспитание меѓу половите" (Педагогија).
Насилството се спомнува во контекст на „негативни постапки", при што се дефинира како „користење на силата за да се повреди некој" (Етика, стр.78), но не се анализира одделно во контекст на родот и сексуалноста. Во поглавјето „Љубовта и етиката" се потенцира дека „никој никогаш не треба да биде повреден" , „а најмалку тоа го заслужува личноста која е објект на неговата љубов и со која му е овозможено љубовно уживање" (Етика, 132). За одредени форми на „насилничко однесување меѓу партнерите", „садизам и мазохизам", како и за „силување (насилно наведување на љубовен однос)" се зборува кога се наведуваат „негативни форми на однесување во љубовната врска" и „неморални дејства" како што е педофилијата – „настрана љубов кон децата" (Етика, стр.136). Одредени форми на сексуално насилство („прељуба, силување, инцест, наведување на проституција, подбивање со срамежливоста" (?!)) се спомнати кога се анализира насилството во семејството како „една од најгрдите пројави на човечкото дивјаштво и неморално однесување" (Етика, стр.142).
Во една од ретките обработени теми „Телевизијата и насилството" се истакнува дека „треба да се нагласи негативното влијание што го вршат ТВ-филмовите со криминална содржина, филмови со авантуристичка содржина и филмови кои прикажуваат порнографија" (Социологија, стр.189).

**в) Права и закони**

Сосем мал дел од анализираните содржини упатува на права и закони во врска со насилството, сексуалноста и родот. Педагогијата единствено го спомнува силувањето како „една од нajраспространетите опачини на сексуалниот живот", „појава која е рамна на криминал" (всушност, силувањето е кривично дело, така што зборовите „е рамна на" можат да доведат до заблуда).
Во Етиката одредени кривични дела се споменуваат само како „неморални дејства" (силување, инцест), а за педофилијата се тврди дека е „една од најлошите човечки страсти и криминални сексуални однесувања" (Етика, стр.136). Учебникот по Етика се повикува на законот кој „јасно зборува дека малолетните суштества, оние под 18 години, немаат сила за разликување на доброто од злото за сексуалните прашања и дека мора да бидат заштитени од долните настроенија на психички и на морално изместените постари лица кои се стремат да спроведуваат секс со многу млади личности (Етика, стр.136). Авторот се повикува на „законот", иако кривичниот законик не уредува забрана на педофилија (медицинска дијагноза), туку забрана на полов напад над малолетник помал од 14 години.

**г) Превенција и грижа за жртвите**

Во анализираните содржини не се сретнуваат информации за превенција од сексуално и родово-засновано насилство, ниту пак информации за грижата кон жртвите од сексуално и родово-засновано насилство.

***Заклучок:***

*Насилството врз жените само патем се спомнува. Не се обработуваат поимите на родово-засновано насилство, сексуално насилство и сексуално вознемирување, а семејното насилство е површно анализирано. Отсуствуваат релевантни и разбирливи информации за „кривичните дела против половиот морал“ и прекршоците, како што е „оддавање на проституција“. Учениците добиваат погрешни информации за „педофилијата“, наместо да добијат релевантни информации за „полов напад врз малолетник до 14 години“. Учениците не се стекнуваат ниту со информации, ниту со вештини како да се заштитат од сексуално и родово-засновано насилство, каде да пријават такво насилство и каква грижа треба да им се овозможи на жртвите на насилство.*

## Тема 6.: Различност

### а) Препознавање и разбирање на различностите кај луѓето (на пример, во однос на вера, етничка припадност, ХИВ+ статус, сексуална ориентација)

Во „Педагогија“ има одделна глава за „Воспитание за прифаќање и разбирање на разликите меѓу луѓето“, каде што се наброени „разлики меѓу луѓето според етничката припадност или религијата“, „разлики според полот“ (има само „машки“ и „женски“), „разлики според возраста“ и „разлики според расна припадност“. Сексуалните разлики не се спомнуваат ниту во одделната глава за интеркултурно и мултикултурно образование, кое цели кон „одржување на индивидуалните особености и етничките разновидности“, „поттикнување интеграција“, „учење да се живее со различни навики и сфаќања“ (стр.191).

Но, само неколку страници понатаму, во делот насловен „Негативни појави на сексуалниот живот“, хомосексуалноста е набројана заедно со проституцијата, половите болести, половото силување. Според авторките, хомосексуалноста и лезбијството се „опачини“, а „учесниците на таков изопачен, неприроден и, што би рекле, ненормален сексуален живот се личности со психички потешкотии и пречки.“ (стр. 203).

Истиот учебник нуди дискриминаторски перспективи кон лицата со поинаква сексуална ориентација, а информациите развиваат негативни стереотипни вредности и поттикнуваат ширење на хомофобија кај учениците.

Според авторките една од целите на „воспитанието помеѓу половите“ е „да му се помогне на младиот човек да го избере вистинскиот пат во љубовта и во односите меѓу половите, во брачната заедница и во животот воопшто и да го оспособи на тој план да се однесува на начин корисен за себе, за својот брачен живот, своето потомство, односно за целата заедница во која живее“ (стр.193). Ваквата визија на „воспитанието помеѓу половите“ ја потврдува исклучувачката хетеронормативна матрица и не остава простор за активно почитување на сексуалните разлики и слободи.

Во учебникот „Граѓанско образование“, во темата „Општествени отстапувања (девијации)“, како примери за „различни начини на однесување врзани за секојдневниот живот на човекот“, се спомнуваат „невоспитано однесување, хомосексуализам, бездомништво“(стр.26). Како прототип на девијантно однесување е дадена фотографија на млад човек во кожна јакна со негувана панкерска фризура. Лицата, кои „девијантно се однесуваат“, се предупредени дека можат да бидат санкционирани (со потсмевања, укори, забелешки, но и со отфрлање).

Во учебникот „Етика“ (за втора година гимназиско образование) се набројуваат „различни видови неморални дејства во сексуалната етика: воајеризам... садизам.. мазохизам... содомија (сексуална грешка – водење љубов на невообичаен начин или водење љубов со животни)...“ (стр. 136). Со воведувањето на дефиницијата на „содомија“

како „сексуална грешка", односно, не само како „водење љубов со животни", туку и „водење љубов на невообичаен начин", се сугерира дека „водење љубов на невообичаен начин" е неморално дејство. Притоа, авторот не објаснува што подразбира под„водење љубов на вообичаен начин". Морализаторскиот тон на текстот и ригидниот демагошки пристап (кој честопати прескрибира строги и традиционални граници меѓу концептите на "доброто" и "лошото", "здравото" и "нездравото", "прифатливото" и "неприфатливото" итн.) не се компатибилни со принципите на сексуалната етика која ги промовира концептите на сексуална разновидност, сексуална слобода и одговорност и сексуална автономија.

**б) Позитивно гледиште на сексуалноста**

Отсуствува афирмација на сеопфатен концепт на сексуалноста, поради неприфаќањето и отпорот кон зборовите секс и сексуалност, а и поради предрасудата дека сексуалноста нужно подразбира и сексуални односи. Наместо афирмација на сексуалноста, се афирмира љубовта, „односите меѓу половите", „интимните односи". На пример, дури и кога се зборува за еротската љубов (како „нешто најубаво и најважно на светот"), еротските чувства и „љубовната страст" („особен занес кон љубовниот партнер"), се избегнуваат зборовите секс и сексуалност (Етика, стр.128-129).
Во одредени контексти, дури и љубовта во пубертетот е проблем, „во суштина не е вистинска", а им задава „главоболки" на децата (Педагогија, стр.196). Без љубов, „половиот нагон" не е нормален, ниту природен: „Половиот нагон кој, пред сé, е само физички, не е нормален за човекот, а е својствен само за животните и се применува за размножување" (Педагогија, стр.201).

**в) Препознавање на дискриминација**

Во учебниците отсуствуваат информации како да се препознае дискриминација врз основа на пол, род, сексуална ориентација и друг статус (на пример, сексуално-здравствен статус). Единствено во учебникот „Психологија" (стр, 169) дикриминацијата се доведува во врска со негативните ставови, предрасуди и стереотипи и се разгледува сексизмот како дискриминаторско однесување насочено кон членовите на еден пол.

**г) Еднаквост и рамноправност**

Еднаквоста се афирмира како „голема придобивка на современата цивилизација и демократија" (Граѓанско образование, стр.55), при што се цитираат само неколку основи наведени во чл. 9 од Уставот на Република Македонија. Има одделно поглавје за „Еднаквост меѓу родовите" (Граѓанско образование, стр.45), но нема никакво споменување на сексуална еднаквост. Кога се зборува за малцински заедници, не се споменуваат сексуални малцинства.
Толеранцијата се афирмира како „хармонија во различноста", а дијалогот како „метод на размена на искуствата и на погледите на две рамноправни личности" (Етика, стр.101). Но и покрај тоа, авторот не покажува почит кон сексуалните разлики, особено кога во „неморалните дејства на сексуалната етика" ја вбројува содомијата како „сексуална грешка – водење љубов на невообичаен начин..." (Етика, стр.136).
Занемарена е и темата социјално исклучување врз основа на сексуална ориентација, род, здравствен или друг статус. Темата исклучување од општеството се обработува во контекст на темата сиромаштија во учебникот „Социологија" (за трета година), без да се наведат информации поврзани со социјалното исклучување во Македонија. Во учебникот се наведува дека „одделни етнички и малцински групи можат да бидат колективно исклучени од општеството", а како фактори, влијаат „врз неможноста да се градат и поддржуваат социјални контакти според потребите на поединците", се

наведени „етничка припадност, расна припадност, полова припадност." Сексуалната ориентација не се спомнува, ниту како фактор за социјално исклучување ниту како основа за дискриминација.

**Заклучок:**

*Иако генералниот принцип на почитување на разликите главно се афирмира, отсуствува свест за потребата од почитување и на сексуалните разлики. На учениците им се сугерира дека секое „водење љубов на невообичаен начин" е неморално дејство, дека хомосексуалците се „учесници во ненормален сексуален живот" и „личности со психички потешкотии и пречки." Повеќето учебници нудат дискриминаторски перспективи кон лицата со поинаква сексуална ориентација, а понудените информации развиваат негативни стереотипни вредности и поттикнуваат ширење на хомофобија кај учениците.*

*Кај учениците не се подига свеста од потребата за борба против дискриминацијата, негативните стереотипи и предрасуди и социјалното исклучување врз основа на сексуална ориентација, род, здравствен или друг статус. Кај учениците не се градат вештини за препознавање на дискриминација и негативни стереотипи и предрасуди.*

## Тема 7.: Врски/Односи

Во речиси сите разгледувани учебници се имаат предвид хетеропатријархалните врски и односи. Дефинирањето на семејството како„врска на маж и жена, чија цел е заедничко живеење" (Етика, стр.138) ги исклучува не само другите можни членови на семејството, туку и можноста за семејство составено од истополови личности. Во текстот доминира перспективата која семејството го гледа исклучиво како хетеросексуална заедница, главно заснована врз институцијата брак.

И во „Педагогија" семејството „почива врз хетеросексуални врски", со напомена дека "треба да се нагласи дека во некои земји во светот денес е дозволено склучувањето брак и врз хомосексуални односи" (Педагогија, стр.137)

Во „Граѓанско образование" се набројуваат повеќе форми на брак, меѓу кои и полигамија, кохабитација, живот на самци (?!), брак без деца, хомосексуални / лезбијски двојки (стр.39). Од учениците се бара да размислуваат за прашањето: „Дали имаш објаснување зошто во современоста хомосексуалноста станува сé помасовна?"

Во „Етика", во поглавјето „Етика во љубовта", се промовира изборот во љубовта, пријателството и љубовта како „етички заедници", почитувањето како „етичко правило за љубовта", грижата како „знак на љубовта" (стр.133-134). Отсуствува темата сексуална етика, која ќе ги афирмира концептите на сексуалното здравје, сексуалните права и сексуалните одговорности.

***Заклучок:***

*Наставните содржини не овозможуваат разбирање на разновидноста на сексуалните врски и односи и на различните односи во семејството и меѓу пријателите. За „интимноста" се зборува само во контекст на „интимни односи". Се нудат дискриминаторски критериуми за препознавање на здрави и нездрави односи/врски. Учениците не се стекнуваат со вештини како да препознаат принудни/доброволни врски/односи. Пристапот на пренесување на информации и знаења не е базиран на поимите на сексуални права и сексуални одговорности па, следствено, учениците не стекнуваат информации и вештини како да ги остварат и заштитат своите сексуални права, ниту пак стекнуваат свест за сексуалните одговорности.*

# Листа на учебници


1. **Видеска Славица**. *Анатомија на човекот за прва година за медицинските училишта*. Скопје:Просветно дело, 2006.
2. **Видеска Славица**. *Хигиена со здравствено воспитување за прва година – здравствена струка*. Скопје: Просветно дело, 2006.
3. ***Диневска – Ќовкаровска Сузана***. *Биологија за трета година на реформираното гимназиско образование*. Скопје:Три, 2003.
4. **Ѓорѓевиќ Добривое**. *Физиологија за прва година средно стручно образование здравствена струка.* Скопје: Просветно дело, 2007.
5. **Костова Марија**. *Педагогија за трета година гимназиско образование*. Скопје: Просветно дело,2005.
6. **Мирчев Димитар**. *Граѓанско образование за средни стручни училишта.* Скопје: Биро за развој на образованието, 2002.
7. **Муртезани Лулзим**. *Психологија за четврти клас на средно образование.* Тетово: Чабеј, 2005.
8. **Палчевски Глигор**. *Гинекологија и акушерство за четврта година здравствена струка*. Скопје: Просветно дело, 2004.
9. **Сидовски Стефан**. Филозофија за четврта година на реформираното гимназиско образование. Скопје: Просветно дело, 2009.
10. **Симоновски Бранко**. *Биологија за осмо одделение*. Скопје: Алби, 2009.
11. **Стојановски Нелко**. *Социологија за трета година реформирано гимназиско образование*. Скопје: Просветно дело, 2004.
12. **Темков Кирил**. *Етика за втора година реформираното гимназиско образование.* Скопје: Просветно дело, 2004.
13. **Темков Кирил**.*Етика за трета година гимназиско образование*. Скопје: Просветно дело, 2005.

**Прилог 1:**

# Рамката за сеопфатно сексуално образование на МФПР

| | Седум клучни подрачја според кои сексуалното образование може да се смета за сеопфатно |
|---|---|
| **1.** | **Тема:** Сексуално и репродуктивно здравје - Анатомија; Сексуално преносливи инфекции и ХИВ/СИДА– како се пренесува, заштита; Бременост и контрацепција; Да се живее со ХИВ; Употреба на кондом, Сексуалност, Пубертет, Менопауза, сексуални проблеми |
| **2.** | **Тема:** Род – Истражување за родовите улоги и нивните особини, Разбирање на перцепцијата за мажественост односно женственост во семејството и во текот на животот; Промени во вредностите и нормите во општеството; Стереотипи, Нееднаквост; Последици од постојните предрасуди поврзани со концептот за родот |
| **3.** | **Тема:** Сексуално граѓанство - Знаења за меѓународните и националните политики и закони за човекови права; Сервиси за сексуално и репродуктивно здравје и информации за пристап до нив; Застапување; Избор, Правна заштита; Согласност и право да се има секс кога си подготвен |
| **4.** | **Тема:** Задоволство – Разбирање за сексот во кој треба да се ужива, а не да биде принуден; Сексот повеќе од сексуален чин; Љубов и врски, Мастурбација, Сексуалноста како дел од животот на секој поединец; Родовите и задоволството; Различности во сексуалноста, Прв сексуален однос |
| **5.** | **Тема:** Насилство – Истражување на разни форми на насилство кон мажите и жените и како се манифестираат; Насилството и родот; Права и закони; Превенција и грижа за жртвите |
| **6.** | **Тема:** Различност – препознавање и разбирање на различностите кај луѓето (на пример, во однос на вера, Етничка припадност, ХИВ+ статус, сексуална ориентација); позитивно гледиште на сексуалноста; Препознавање на дискриминација; Еднаквост и рамноправност |
| **7.** | **Тема:** Врски/Односи – разбирање на различните односи (во семејството, меѓу пријателите, сексуални односи, романса); Емоции; Интимност, Препознавање на здрави и нездрави или принудни односи/врски |













www.hera.org.mk
hera@hera.org.mk






*Љубов
само по
часови